СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„Таки Даскало“
Битола

ISSN 1409-8598

РАЗГЛЕДИ

СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

год. X

бр. 21

2025

Р А З Г Л Е Д И – СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

Година X, бр. 21, октомври 2025 г., ISSN 1409-8598

ИЗДАВАЧ:
СОУ „Таки Даскало“ – Битола, ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр. 37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com, www.takidaskalo.edu.mk

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
Ристо Грујовски, директор

РЕДАКЦИЈА:
Весна Мундишевска-Велјановска, главен и одговорен уредник
Кики Младенова, наставник по англиски јазик
м-р Марија Младеновска-Димитровска, училишен психолог
д-р Роберто Трајковски, наставник по историја

ЛЕКТОР:
Јулијана Јосифовска, наставник по македонски јазик и литература

КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:
Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети

КОРИЦА:
Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

ПЕЧАТИ: „Графо Пром“ – Битола

Стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ е формиран во 1999 година заради поголемо информирање и соработка на сите вработени во училиштето во насока на следење на модерните трендови во образованието, зголемување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно-образовната практика.

Првата редакција на „Разгледи“ ја сочинуваа: Весна Мундишевска (наставник по графички стручни предмети), Мирјана Гичевска (училишен психолог), Гоне Јакчулев (помошник директор) и Милица Радевска (наставник по македонски јазик и литература, која од бр.1/1999 до бр.15-16/2011 вршеше и јазична редакција на билтенот). Јазична редакција на билтенот спроведе и наставниците по македонски јазик и литература: Билјана Атанасовска (бр.17-18/2014), Богослав Новески (бр.17-18/2014) и Јулијана Јосифовска, лектор (бр.17-18/2014, бр.19-20/2024 и бр.21/2025).

Компјутерската обработка за сите броеви (освен бр.17-18/2014) ја изведувала Весна Мундишевска-Велјановска (самостојно или како одговорен наставник за ДТП секцијата), а кориците за бр.13-14/2010, бр.15-16/2011, бр.17-18/2014 (корици и компјутерска обработка), бр.19-20/2024 и бр.21/2025 ги изработи Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети.

Во повеќе броеви (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004 и бр.11-12/2005) активно биле вклучени и учениците од графичката струка (од ДТП секцијата) и тоа како автори на фотографии или во делот на компјутерската обработка (издвојуваме дека тогашниот ученик Ице Огненовски е автор на дизајнот на насловот „Разгледи“ кој го задржавме како наш препознатлив белег до денес).

Во редакцијата на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ од првиот број па сè до овој број учествувале: Весна Мундишевска-Велјановска (во сите броеви), Милица Радевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004, бр.11-12/2005, бр.13-14/2010 и бр.17-18/2014), Мирјана Гичевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001 и бр.6,7,8/2003), Гоне Јакчулев (бр.1/1999 и бр.6,7,8/2003), Евгенија Маневска (бр.4-5/2001), Љубица Мешкова-Солак (бр.9-10/2004 и бр.15-16/2011), м-р Јасмина Бабушковска-Василевска (бр.9-10/2004), Тереза Литовска-Фердинанди (бр.11-12/2005), д-р Анита Ангелевска (бр.13-14/2010 и бр.15-16/2011), д-р Лидија Стефановска (бр.13-14/2010), Тони Видевски (бр.15-16/2011), Љупчо Поповски (бр.15-16/2011), Славица Наумовска (бр.15-16/2011 и бр.17-18/2014), Марија Јовановска (бр.15-16/2011), Добре Босилковски (бр.17-18/2014), Кики Младенова (бр.19-20/2024 и бр.21/2025), м-р Марија Младеновска-Димитровска (бр.19-20/2024 и бр.21/2025) и д-р Роберто Трајковски (бр.19-20/2024 и бр.21/2025).

copyright © 2025 СОУ „Таки Даскало“ – Битола

Мислењата и ставовите што се изразени во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата и издавачот.

КОЛУМНА

Весна Мундишевска-Велјановска,
наставници по графички стручни предмети

ДЕСЕТ ГОДИНИ СО 21 ИЗДАНИЕ НА СТРУЧНИОТ БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ „РАЗГЛЕДИ“

УДК [050:070.41]:311.42

На првата страница од бројот 1 на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“, во 1999 година, во рубриката „Колумна“ објавив текст за предизвиците на трнливиот пат до Човекот и за смислата на постојбата. Овојпат, како еден од основачите и главен уредник на билтенот „Разгледи“, наместо вообичаениот есеистички пристап, а заради одбележување на десетте години во кои беа издадени 21 број од „Разгледи“, во период од 26 години, ќе дадам мое видување за формирањето, целите, структурата, растот и идните очекувања за билтенот, низ акциско истражување и компаративна анализа на сите негови досегашни броеви.

Вовед

Поаѓајќи од фактот дека образованието е процес којшто постојано се менува, неопходно е наставниците и стручните соработници, односно сите сегменти на училишниот живот, да бидат во тек со промените, да ги следат во реално време и да се адаптираат и себеси и својата работа кон нив. Заради успешно следење и прилагодување кон промените, како и заради размена на искуства во училиштата кои инкорпорираат вработени со различна образовна наобразба и стручност, се наметнува потреба од изнаоѓање на начини за соработка помеѓу вработените, унапредување на нивната комуникација и иницирање на кооперативни активности заради подобрување на ефектите од работата со учениците. Во таа насока, во СОУ „Таки Даскало“ – Битола се издава стручен билтен на наставниците насловен како „Разгледи“, кој овозможува поттикнување на креативни практики кај наставниот кадар, споделување на искуства и сознанија за современите трендови во образованието во РС Македонија и во светот, иницијација на нови активности и професионален растеж на кадарот и на училиштето воопшто.

Акциско истражување

Цел на спроведеното акциско истражување е да се испита влијанието на издавањето на стручен билтен за наставниците врз квалитетот на работата на наставниот кадар и стручната служба, но и врз работата на СОУ „Таки Даскало“ – Битола. Во таа насока, беше формулирано следното истражувачко прашање: **Дали издавањето на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ придонесува за унапредување на работата на наставниците, стручните соработници и училиштето?**

Со истражувањето беа опфатени сите броеви на билтенот „Разгледи“ (вкупно 11 печатени изданија), 20-тина вработени во СОУ „Таки Даскало“ – Битола и 10 надворешни соработници од други институции.

Истражувањето се спроведе преку примена на следните методи на прибирање на податоци:

- компаративна анализа на 21 издание на „Разгледи“, од бр. 1, год. I, 1999 г. до бр. 21, год. X, 2025 г.,
- индивидуално и колаборативно истражување, и
- разговори со вработени во СОУ „Таки Даскало“ – Битола и со надворешни соработници.

Анализа и интерпретација на резултатите на истражувањето

Преку индивидуално и колаборативно истражување, низ разговори со вработените и преглед на записите во училишната библиотека, во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, не е пронајден друг пример за издавање на стручен билтен за наставници во средно или основно училиште во РС Македонија.

Во 1999 г., на состанок во графичкиот кабинет на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, Весна Мундишевска (наставник по графички стручни предмети), Мирјана Гичевска (училишен психолог), Гоне Јакчулев (помошник директор) и Милица Радевска (наставник по македонски јазик и литература), секако со огромна поддршка на тогашниот директор Никола Стефановски, одлучија да се започне со издавање на стручен билтен на наставниците „Разгледи“.

Стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ е формиран заради поголемо информирање и соработка на сите вработени во училиштето во насока на следење на модерните трендови во образованието, зголемување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно-образовната практика.

На почетокот, во првите години од издавањето на стручниот билтен, материјали се собираа преку усно известување на Наставнички совет и преку индивидуални разговори со вработени во училиштето и со надворешни соработници.

Во текот на следните години начинот на собирање на материјали се трансформираше така што од 2010-та година се практикува издавање на соопштение со наведени рубрики, критериуми за технички изглед на прилозите, состав на редакцијата, линк до претходни изданија, податоци за контакт со редакцијата и рок за испраќање на материјалите, а и понатаму се практикува лично информирање на вработените и надворешните соработници заради дополнителни насоки и издигнување на квалитетот на прилозите.

➘ За целите на истражувањето спроведена е компаративна анализа на сите досега издадени броеви на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“, од бројот 1 во 1999 година до тековниот број 21 во 2025 година. Притоа, забележани се податоци за издавањето на билтенот (редниот број на годината на издание, бројот на билтенот, годината и месецот на издавање) и за техничките карактеристики (обемот т.е. бројот на страници на секое издание, бројот на бои при печатењето, идентификациска ознака на публикацијата ISSN, каталогизација на публикацијата CIP и означување на авторското право), прикажани во *Табела бр. 1*, а направен е и преглед на бројот на застапени автори, бројот на прилози и бројот и видот на рубрики во секој од броевите, прикажани во *Табела бр. 2*.

Стручен билтен на наставниците „Разгледи“ (1999-2025 г.)						
Год. на издание	Број на билтен	Година на издавање	Број на стр.	CIP / ISSN 1409-8598	copyright ©	печатење
I	1	1999, ноември	28	CIP	/	еднобојно издание
I	2-3	2000, април	32	CIP	/	еднобојно издание
II	4-5	2001, февруари	28	CIP	/	еднобојно издание
III	6,7,8	2003, мај	36	ISSN	/	еднобојно издание
IV	9-10	2004, ноември	36	ISSN	/	еднобојно издание
V	11-12	2005, април	40	ISSN	/	еднобојно издание
VI	13-14	2010, април	32	ISSN	/	еднобојна внатрешност, колор корица
VII	15-16	2011, февруари	44	ISSN	/	еднобојна внатрешност, колор корица
VIII	17-18	2014, април	44	ISSN	/	еднобојна внатрешност, колор корица
IX	19-20	2024, април	44	ISSN	/	еднобојна внатрешност, колор корица
X	21	2025, октомври	40	ISSN+УДК	©	еднобојна внатрешност, колор корица

Табела бр. 1: Издавање и технички карактеристики на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ (сите изданија од 1999 до 2025 г.)

Од *Табела бр. 1: Издавање и технички карактеристики на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ (сите изданија од 1999 до 2025 г.)*, може да се заклучи следното:

➦ Билтенот се издава еднаш годишно, во А4 формат.

➦ Имало две поголеми паузи во неговото издавање (2005-2010 и 2014-2024), пред сè заради финансиски причини.

➦ Воглавно излегувал како двоброј, најчесто во месеците пред патрониот празник на училиштето којшто се одбележува на 3 Мај. Само еднаш биле издадени три броја во една година на издавање (во 2003 г.).

➦ Од бр. 4-5 во 2001 г., стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ се стекна со ISSN 1409-8598 којшто редовно се впишува на предната корица и на секоја страница од билтенот.

➦ Обемот на билтенот е од 28 до 44 страници, секогаш еднобојно испечатени. Посебна колор корица започна да се практикува од 2010 година.

➦ Од бр. 13-14 / 2010 се промени дизајнот на списанието со издвојување на посебна колор корица. Од бр. 21 / 2025 дизајнирана е корица која што ќе биде со непроменлив дизајн, а воведено е впишување на ознаката copyright © и обезбедување на УДК броеви за секој прилог (интернационален систем на библиотечна класификација што се применува во околу 130 земји) заради заштитување и унапредување на авторството во билтенот.

„Разгледи“ (1999-2025 г.)			Рубрики											
Бр. на билтен	Бр. на автори	Бр. на прилози	Колумна	Бележиме	Современа настава	Семинар-работилници	Примери од наставната практика	Истражување	Менторство	Еко ТД	Практична настава и учење преку работа	Педагошко-психолошка практика	Промоција на публикации	Воннаставни активности
1	4	7	✓	✓	✓	✓	Класен час	✓	✓				✓	
2-3	9	11	✓	✓	✓	✓	Класен час	✓	✓				✓	Патронат
4-5	11	11	✓	✓	✓	✓	Класен час	✓	✓				✓	
6,7,8	13	14	✓	✓	✓	✓	Класен час	✓	✓				✓	Научни екскурзии
9-10	12	13	✓	✓	✓	✓	Класен час		✓		✓		✓	
11-12	12	15	✓	✓	✓	✓			✓		Практична настава	Во фокусот денес	Колегите творат	✓
13-14	11	11												
15-16	20	19												
17-18	20	24	✓	✓	✓	Оценување	✓	✓	✓	✓	✓	Училишна клима	✓	Креативен пристап
19-20	20	25	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓
21	15	17	✓		✓	✓	✓	✓		✓		✓	✓	✓

Табела бр. 2. Преглед на застапени автори, број на прилози и застапени рубрики во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ од 1999 до 2025 г.

Од податоците во *Табела бр. 2: Преглед на застапени автори, број на прилози и застапени рубрики во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ од 1999 до 2025 г.*, може да се заклучи следното:

➦ Во досега издадените 21 број на „Разгледи“, објавени се 167 прилози напишани од 147 автори (овде не се вбројува рубриката „Бележиме“ која што ја пишува редакцијата). Прецизен преглед на авторите и нивните објави е даден во *Табела бр. 3: Листа на автори застапени во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ (од бр. 1 / 1999 г. до бр. 21 / 2025 г.)*.

➦ Некои од рубриките го менувале своето име, на пример:

- рубриката „Наставна практика“ е преименувана во „Примери од наставната практика“,
- рубриките „Нови форми и методи во наставата“, „Реформирано образование“ и „Во фокусот денес“ се преименувани во „Современа настава“,
- рубриката„Екологија“ е преименувана во „Еко ТД“,
- рубриката „Општествено-корисна работа“ е преименувана во „Волонтерски активности“, а потоа и во „Воннаставни активности“,
- рубриките „Колегите творат“ и „Промоција на печатено дело“ се преименувани во „Промоција на публикации“ и сл.,
- а некои рубрики (на пример: „Класен час“, „Оценување“, „Креативен пристап“) престанаа да постојат заради нивното вклопување во други посоодветно именувани рубрики.

➦ Само бр. 13-14 / 2010 и бр. 15-16 / 2011 немаат издвоени рубрики, особено затоа што бр. 15-16 е наменски уреден во функција на еко-проектот што го спроведуваше СОУ „Таки Даскало“ во рамки на програмата „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“ во организација на Здружението на граѓани „ОХО“ со поддршка од МОН и Швајцарската агенција за поддршка и развој.

„Разгледи“ (1999-2025 г.)	Реден број на изданието										
Автор	1	2-3	4-5	6,7,8	9-10	11-12	13-14	15-16	17-18	19-20	21
Мимоза Анастовска Јанкуловска						11-12					
Анита Ангелевска							13-14	15-16			
Марина Ангелевска											21
Даниела Андоновска-Трајковска											21
Миле Атанасоски		2-3			9-10						21
Јасмина Бабушковска			4-5								
Валентина Богојовска							13-14	15-16		19-20	
Добре Босипковски				6,7,8						19-20	
Петар Велјановски				6,7,8							
Христо Георгиевски				6,7,8							
Марија Гичевска									17-18		
Мирјана Гичевска	1	2-3	4-5	6,7,8	9-10	11-12	13-14	15-16	17-18	19-20	
Виолета Грашиновска		2-3									
Ристо Грујовски											21
Валентина Гулевска			4-5								
Милица Димитријовска-Радевска		2-3	4-5	6,7,8	9-10	11-12	13-14	15-16	17-18	19-20	21
Катерина Димитровска Богеска											21
Анета Димовска											21
Драгица Здравковска							13-14	15-16	17-18		
Гоне Јакчулев			4-5								
Ири Јефтимова					9-10						
Весна Јовановска										19-20	
Марија Јовановска								15-16	17-18	19-20	
Николче Јоновски											21
Весна Калпаковска		2-3									
Трајче Катароски			4-5								
Алисија Колевска										19-20	
Весна Корлевска			4-5			11-12					
Гордана Кожуваровска			4-5						17-18	19-20	
Флорида Кулевска		2-3		6,7,8							
Валентина Маневска			4-5							19-20	
Љубица Мешкова Солак				6,7,8	9-10			15-16	17-18		
Весна Милевска							13-14		17-18		
Даниела Митревска		2-3								19-20	
Катерина Митревска								15-16			
Цветанка Митревска						11-12					
Милка Мицевска								15-16			
Кики Младенова										19-20	
Марија Младеновска-Димитровска									17-18	19-20	21
Весна Мундишевска-Велјановска	1	2-3	4-5	6,7,8	9-10	11-12	13-14	15-16	17-18	19-20	21
Елизабета Наумовска		2-3		6,7,8	9-10			15-16			
Милка Наумовска						11-12					
Мирјана Наумовска									17-18		
Славица Наумовска							13-14	15-16	17-18	19-20	
Виолета Недановска								15-16	17-18		
Томе Недановски								15-16	17-18		
Валентина Николовска									17-18		
Драган Николовски				6,7,8		11-12		15-16			
Радован П. Цветковски				6,7,8							
Снежана Паскова						11-12	13-14	15-16			21
Николина Поповска			4-5		9-10				17-18	19-20	21
Љупчо Поповски	1									19-20	
Наташа Ралевска-Бучкова									17-18	19-20	
Слободанка Ристевска	1										
Валентина (Велјановска) Ристеска				6,7,8	9-10					19-20	21
Зора Русомарова						11-12	13-14	15-16	17-18		
Тони Соклевски					9-10	11-12					
Катерина Спасовска-Мавродева					9-10			15-16	17-18	19-20	21
Анита Стефановска								15-16			
Лидија Стефановска							13-14				
Наташа Стојановска											21
Павлина Талевска									17-18		
Славица Трајковска					9-10			15-16			
Роберто Трајковски										19-20	
Тереза Фердинанди Литовска				6,7,8		11-12					

Табела бр. 3: Листа на автори застапени во стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ (од бр. 1 / 1999 г. до бр. 21 / 2025 г.)

➦ Рубриките во билтенот отсликуваат примена на современи наставни стратегии кои обединуваат палета активни методи на настава и видови на настава, соработка помеѓу сродни наставни предмети, но и соработка помеѓу наставни предмети и паралелки од различни струки и образовни профили, соработка со локалната заедница, воннаставни активности, примена на активности и сознанија од различни посетени семинари и имплементација на искуства од проекти. Исто така овозможуваат и афирмација на достигнувањата на кадарот од училиштето (изданија, промоции, изложби, награди) и нивно креативно изразување на одредена тема (посебно во рубриката „Колумна“).

➦ Од бр. 1 / 1999 до бр. 11-12 / 2005 се практикуваше објавување на поучни извадоци на насловната страница, фотографии од авторите до нивните прилози, а на последната страница (којашто тогаш беше и задна корица) се објавуваа книжевни критики и авторска поезија.

➦ Од бр. 13-14 / 2010, на посебна страница започна да се издвојува и содржина со наведени прилози од билтенот.

➦ Од содржините на објавените материјали може да се забележат бројни иницијации за интерактивни часови, за мултимедијални проекти, креативни работилници, заеднички изданија на наставници и ученици, списанија, билтени, алманаси, зборници, стручни конференции, предавања, промоции и недоброј активности кои ја отсликуваат креативноста на воспитно-образовната практика, на задоволство и на учениците и на наставниците, но и на родителите и поширокаата заедница којашто е составен дел на бројни активности и случувања во училиштето кое сега пулсира со извонредно динамичен, активен и инвентивен општествен живот, и кое е препознатливо не само во РС Македонија туку и во многу земји во светот.

Од компаративната анализа на 21 издание на „Разгледи“, од бр. 1, год. I, 1999 г. до бр. 21, год. X, 2025 г., произлезе неопходност за издвојување и на следните податоци:

➦ Во редакцијата на билтенот, од првиот до најновиот број 21 на „Разгледи“ учествувале 18 вработени во училиштето, од кои 10 наставници, 5 стручни соработници и 3 претставници од менаџментот на училиштето, или прецизно: Весна Мундишевска-Велјановска (во сите броеви), Милица Димитријовска-Радевска (бр. 1 / 1999, бр. 2-3 / 1999, бр. 4-5 / 2001, бр. 6,7,8 / 2003, бр. 9-10 / 2004, бр. 11-12 / 2005, бр. 13-14 / 2010 и бр. 17-18 / 2014), Мирјана Гичевска (бр. 1 / 1999, бр. 2-3 / 1999, бр. 4-5 / 2001 и бр. 6,7,8 / 2003), Гоне Јакчулев (бр. 1 / 1999 и бр. 6,7,8 / 2003), Евгенија Маневска (бр. 4-5 / 2001), Љубица Мешкова-Солак (бр. 9-10 / 2004 и бр. 15-16 / 2011), м-р Јасмина Бабушковска-Василевска (бр. 9-10 / 2004), Тереза Литовска-Фердинанди (бр. 11-12 / 2005), д-р Анита Ангелевска (бр. 13-14 / 2010 и бр. 15-16 / 2011), д-р Лидија Стефановска (бр. 13-14 / 2010), Тони Видевски (бр. 15-16 / 2011), Љупчо Поповски (бр. 15-16 / 2011), Славица Наумовска (бр. 15-16 / 2011 и бр. 17-18 / 2014), Марија Јовановска (бр. 15-16 / 2011), Добре Босилковски (бр. 17-18 / 2014), Кики Младенова (бр. 19-20 / 2024 и бр. 21 / 2025), м-р Марија Младеновска-Димитровска (бр. 19-20 / 2024 и бр. 21 / 2025) и д-р Роберто Трајковски (бр. 19-20 / 2024 и бр. 21 / 2025).

➦ Јазична редакција, односно лектура, спроведувале 4 наставници по македонски јазик и литература од кои едниот е лектор. Тие се: Милица Димитријовска-Радевска (бр. 1 / 1999 – бр. 15-16 / 2011), Билјана Атанасовска (бр. 17-18 / 2014), Богослав Новески (бр. 17-18 / 2014) и Јулијана Јосифовска, лектор (бр. 17-18 / 2014, бр. 19-20 / 2024 и бр. 21 / 2025).

➦ Техничкото уредување на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ го реализирале двајца наставници по графички стручни предмети: Весна Мундишевска-Велјановска и Миле Атанасоски. Од бр. 1 / 1999 до бр. 11-12 / 2005 во техничкото уредување учествувале и 20-тина ученици од графичката струка, од ДТП секцијата (како автори на фотографии или со свој придонес во компјутерската обработка). Весна Мундишевска-Велјановска (самостојно или како одговорен наставник за ДТП секцијата) ја реализираше компјутерската обработка за сите броеви на „Разгледи“ (освен бр. 17-18 / 2014), додека Миле Атанасоски го изработи дизајнот на кориците за бр. 13-14 / 2010, бр. 15-16 / 2011, бр. 17-18 / 2014 (корици и компјутерска обработка), бр. 19-20 / 2024 и бр. 21 / 2025. Дизајнот на насловот на билтенот „Разгледи“ е на тогашниот ученик во графичката струка Ице Огненовски, изведба што е задржана до денес како препознатлив белег на билтенот.

➘ Од разговорите со вработени во СОУ „Таки Даскало“ – Битола и од разговорите со надворешни соработници, се забележа следното:

➦ Од разговори со колегите во училиштето, неспорно е значењето на стручниот билтен за унапредувањето на професионалната практика на наставниците и стручните соработници, и видлив е огромниот интерес за нивна застапеност во изданијата на билтенот.

➦ Од разговорите со колегите од други образовни институции (други училишта, високобразовни институции, ЦРСО, БРО, МОН, партнерски училишта од странство и сл.), но и од бројни општински органи и невладини организации, забележливо е дека стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ се препознава по својата уникатност и квалитет.

➦ Редакцијата постојано ја самопроценува сопствената работа и континуирано ја надградува (составот на редакцијата, начинот на информирање, собирањето и квалитетот на прилозите, рубриките, техничкото уредување, промовирањето и сл.), со цел пред сè да придонесе за унапредување на квалитетот на стручниот билтен „Разгледи“, а со тоа и за унапредување на наставната практика не само во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, туку и во поширок рамки.

Заклучок

Подготовката и издавањето на стручен билтен за наставниците е сериозен и исцрпувачки зафат за кој се неопходни професионални компетенции, издавачко искуство, безрезервен ангажман и несебично вложување, пред сè на редакцијата, но и создавање на соработничка мрежа и публика, одржување на актуелноста на содржините од стручниот билтен и нивна применливост во наставната практика.

Во 1998 и 1999 година се поставија темелите на издаваштвото во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, а стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ е една од првите алки од низата на билтени, весници, списанија, зборници, каталози, монографски изданија и сл., којашто секоја година е сè побогата и попрофесионална. „Разгледи“ континуирано излегува од печат уште од 1999 година со цел размена на педагошки искуства, соработка и унапредување на наставната практика на наставниците следејќи ги модерните трендови во образованието. Од првиот број на „Разгледи“ во 1999 г. до денес, од печат излегоа 21 број со многу квалитетни и иновативни прилози, со виден растеж на рубриките и содржините во секој следен број. На вкупно 404 страници од билтенот, објавени се 167 авторски прилози од 65 автори (најчесто авторите се вработени во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, но има објави и од автори кои се универзитетски професори, советници и наставници од други средни училишта). Од бр. 4-5 во 2001 година, стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ се стекна со ISSN 1409-8598.

Во редакцијата учествувале 10 наставници, 5 стручни соработници и 3 претставници од менаџментот на училиштето и сите детално се наведуваат на првата редакциска страница, почнувајќи од бројот 19-20 од 2024 година.

Стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ излегува во печатена форма, а негова електронска верзија редовно се објавува на веб страницата на СОУ „Таки Даскало“ – Битола https://takidaskalo.edu.mk/razgledi/ и на http://www.issue.com/. Примероци редовно се доставуваат до НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје и ISSN агенцијата, до НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, училишната библиотека и архивата на графичката струка. „Разгледи“ се промовира на патрониот празник и отворените денови на училиштето, на саеми на училиштата, на денови на кариера, семинари, работилници, гостувања во други училишта и институции во РС Македонија и во странство. Во иднина ќе се работи на поголема медиумска промоција на „Разгледи“ и на поголема отвореност за соработка со поединци и институции од областа на образованието и науката.

Се потврди дека споделувањето на сопствени наставни искуства и сознанија за современите трендови во образованието, придонесува за ефикасност и ефективност на наставата, како и за надградба и професионален развој на наставниците и на училиштето.

Резултатите од акциското истражување укажуваат дека одговорот на истражувачкото прашање: „Дали издавањето на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ придонесува за унапредување на работата на наставниците, стручните соработници и училиштето?“ е позитивен. Податоците ќе се користат за натамошно развивање на „Разгледи“, за негова професионализација и уште поголема препознатливост во воспитно-образовната практика во РС Македонија.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
Педагошки факултет – Битола

ПОИМ ЗА КРИТИЧКА ПИСМЕНОСТ

Извадок од универзитетскиот учебник „Критичка писменост“, 2019, Битола: Педагошки факултет – Битола, стр. 83-87
УДК 37.011.22:028-028.43

Постојат различни дефиниции за поимот критичка писменост, но сите тие се однесуваат на тоа дека читателот треба да ја има активната улога при читањето и анализата на текстот. Критичката писменост ги поттикнува читателите да го преиспитуваат создавањето на текстовите. Оттука, се обрнува внимание на тоа што претставува текстот, што содржи, а што исклучува. Текстовите се поврзуваат со секојдневниот живот на читателите за да се создаде или пресоздаде нивното значење и на тој начин текстот да стане корисен за читателот. Според Лук и Фриводи,

„Образованието за стекнување писменост... значи институционално обликување на социјални практики и културни ресурси, индуцирање успешни генерации на одредени културни начини за манипулирање со текстови и за обезбедување пристап до технологијата и артефактите (пишувани текстови, интернет...) и до социјалните институции каде овие алатки и артефакти се употребуваат (работни места, граѓански институции)“ (Luke & Freebody, 1999).

Во педагошката литература, се појавуваат неколку поими кои внесуваат забуна кај едукаторите. Тие поими се: критичко мислење, критичко читање, критичко пишување и критичка писменост. Дали се тие синоними?

Поимот *критичко читање* произлегува од либерал-хуманистичката традиција. Либерал–хуманистите мислат дека текстот има само едно значење. Според нив, задача на едукаторите е да им помогнат на учениците да го откријат тоа значење. Критичкото мислење, според нив, се поистоветува со рационалното мислење. Така, критичкото читање е еден збир од вештини кој се простира над функционалната писменост и тоа што значи разбирање и анализа од повисок ред. Овие вештини за критичко читање вклучуваат: истражување на ресурси, идентификување на целта на авторот, разликување меѓу факт и мислење, изведување заклучоци, формирање судови и откривање/ препознавање на материјали или извори кои имаат пропагандистичка цел. Постојат и други автори кои сметаат дека под критичко читање се подразбира способноста да се направи разлика меѓу вистина и фикција (според Цервети, Пардалес и Дамико (Cervetti, Pardales, Damico, 2001) кај авторите: Durr, W.K. (1965). Building initial critical reading abilities. In M.A. Dawson (Ed.), Developing comprehension: Including critical reading (pp. 189-192). Newark, DE; Flamond, R.K. (1962). Critical reading. In A.J. Mazurkiewicz (Ed.), New perspectives in reading instruction (pp. 292-297). New York: Pitman; Lundsteen, S.W. (1970). Procedures for teaching critical reading and listening. In A.J. Harris & E.R. Sipa (Ed.), Readings on reading instruction (pp. 270-277). New York: David McKay.; Painter, H. (1965). Critical reading in the primary grades. In M.A. Dawson (Ed.), Developing comprehension: Including critical reading (pp. 182-186). Newark, DE). Други сметаат дека тоа е способноста за анализирање на литературните елементи, како што се на пример место, композиција и тема (Howards, 1965 и Huus, 1965) или предвидување и проверување на така поставените хипотези додека трае процесот на читањето (Lee, 1968). Сепак, заедничко за сите претходнонаведени сфаќања е дека способноста за критичко мислење не е нешто што природно се развива, туку дека е нешто за кое е неопходна организирана интервенција од страна на едукаторите, почнувајќи уште од основното образование.

Критичката писменост своја основа има во филозофијата на постструктуралистите, критичките социјални теории и Фреровата педагогија. Така, под критичка писменост се подразбира пристапување кон текстот како производ на социјалните, но и на историските услови (контекст) и на тој начин не се оди кон откривање на неговото вистинско значење, бидејќи се смета дека не постои или не може да се дојде до него, туку читањето се сфаќа како процес за повторно создавање на значењето. Текстот може да има повеќе значења. Под манифестираната структура во основа лежи скриена структура која одговара на прашањата

поврзани со целта на текстот, причината за неговото создавање, неговата улога, значењето на текстот за читателот, корисноста на текстот за читателот или за некоја група луѓе, начинот на создавање на текстот, разгледување алтернативни перспективи, создавање други текстови поврзани со оригиналниот и начинот на нивно влијание врз целокупното значење... Критичката писменост произлегува и од критичките социјални теории кои упатуваат на фактот дека знаењето секогаш е во рацете на моќните. Постојаната борба за моќ, знаење, статус, материјални ресурси лежат во основа на секоја идеологија која моќните сакаат да ја наметнат. Паоло Фрер (Paulo Freire, 1970) се залага за обезбедување еднаквост меѓу луѓето, барање начини за прераспределба на моќта, обезбедување пристап за маргинализираните групи до информацијата, знаењето, а не до нечиј суд, став или мислење. Тој исто така ја истакнува важноста од преземањето иницијатива од страна на поединците (припадници на малцинска, но и на мнозинска група во едно општество). Во основата на неговата педагогија стои дека образованието, а и секоја активност треба да вклучува акција и рефлексија. Важен предуслов за критичко мислење и дејствување е развивањето свесност за свесноста за себе и за другите. Под овие три влијанија критичката писменост добива нова димензија. Таа е нешто што се наоѓа во пресекот (не може да се поистовети ниту со еден од овие влијателни правци). Токму затоа постојат различни дефиниции за поимот критичка писменост.

Критичката писменост претпоставува развивање свесност кај поединецот за сопствениот идентитет и социополитичката реалност преку процесот на создавање на значењето и сопствените акции. Покрај ова, критичката писменост значи изградување свесност за постоењето на другите луѓе околу нас, нивното однесување, свесност за одредени контексти, ситуации, свесност за постоењето на други текстови кои влијаат врз конструирањето на значењето при читањето на текстот.

Создавањето значење по читањето на текстот не е едноставно. Од ова произлегува тврдењето дека треба да се отфрли старата парадигма дека ја бараме вистината или единственото значење на текстот, односно покрај прашањето *што сака да каже писателот,* треба да се постават и низа други кои ќе стапат во вистински дијалог со ученикот.

Разликите меѓу критичкото читање и критичката писменост може појасно да се видат преку следната табела (Cervetti, Pardales & Damico, 2001):

Област	Критичко читање	Критичка писменост
Знаење (епистемологија)	Знаењето се добива по пат на восприемање на светот преку нашите сетила или преку рационалната мисла; правење разлика меѓу фактите, заклучоците и судовите.	Знаењето не е ниту неутрално ниту природно: тоа е секогаш засновано на дискурзивните правила на одредено општество и според тоа е идеолошко.
Реалност (онтологија)	Реалноста може да се спознае непосредно и така може да служи како основа при интерпретирањето.	Реалноста не може вистински да се спознае, посебно не само преку употреба на јазикот; вистината не може да произлезе од врската со реалноста, туку по логички пат.
Авторство	Откривањето на намерата на авторот е основа за интрепретација на текстот на повисоко ниво.	Постојат многу значења на текстот и сето тоа е зависно од културните и историските услови и од различните релации на моќта.
Цели на методските пристапи кои се однесуваат на развивање на писменоста	Развој на напредни вештини за разбирање и интерпретација	Развој на критичка свесност

Приказ бр. 11: Разлика меѓу либерал-хуманистичкото сфаќање за критичкото читање и критичката писменост

Критичката писменост вклучува неколку важни елементи во чија поврзаност се гледа и смислата на процесот на читање и критичка рефлексија:

1. „испитување на значењето на текстовите;
2. размислување за целта, намерата на авторот, мотивот;
3. разбирање дека текстовите не се неутрални, туку дека тие репрезентираат одредено гледиште, а замолчуваат други гледни точки и така влијаат на мислите на луѓето;
4. испитување и предизвикување на начините на кои текстовите се конструирани;

5. анализирање на моќта на јазикот во денешното општество;
6. акцентирање на читањето на текстот кое произлегува од неговата многузначност (луѓето ги читаат и интерпретираат текстовите во нивно светло во зависност од нивните карактеристики, искуства, верувања, вредности);
7. можност за учениците да заземат став по одредени прашања;
8. давање можност на учениците да ги преиспитаат своите ставови и уверувања;
9. давање можност на учениците за социјална акција“ (Critical literacies, 2006).

Развивањето на критичката писменост кај учениците значи и поставување основи за обезбедување социјална правда во училницата, училиштето и надвор од него, односно во секојдневниот живот. Со преиспитувањето на начинот на создавање на текстовите и можноста да размислуваат за различните видови контексти кои се претставени во текстот, како и ликовите кои се оживеани на тој начин во текстот, учениците стануваат свесни за можните начини на решавање на проблемите поврзани со различните видови дискриминација и опресија на некои групи луѓе. Но, образованието за обезбедување социјална правда не значи внесување на политиката во училишниот живот. Токму тоа Барбара Комбер го истакнува како проблем кога станува збор за реализирањето на задачите за развој на критичката писменост. Имено, честа е практиката наставниците да си поставуваат прашања како следниве:

- „Дали критичката писменост ќе значи зголемување на сериозноста во училницата, односно на играта и забавата ќе им дојде крајот?
- Дали тоа значи политизирање на училницата?
- Дали тоа е обука за учениците да се однесуваат политички коректно?
- Дали ова ги занемарува интересите на учениците?
- Што ако критичката писменост ги направи учениците цинични или политички расположени и активни?
- Дали не се премлади за развој на критичката писменост кај нив?
- Нели е ова премногу сериозно и депресивно?“ (Comber, 1999)

Комбер истакнува бројни практични примери со кои докажува дека развојот на критичката писменост не значи во никој случај политизирање на училницата и создавање политички активна младина и дека во секој случај се поаѓа од интересите на учениците на начин што играта и сите активни методи со кои се поттикнува комуникацијата и интеракцијата во наставата се всушност методи кои ја развиваат критичката писменост. Поставувањето прашања од овој тип претставува типично стереотипно однесување на наставниците кога станува збор за воведување на каква било промена во начинот на нивната работа.

Референци:

1. Cervetti, G., Pardales, M. Damico, J. (2001). A Tale of Differences: Comparing the Traditions, Perspectives, and Educational Goals of Critical Reading and Critical Literacy, *Reading Online*, International Reading Association, Inc., retrieved from www.readingonline.org;
2. Comber, Barbara (1999). *Critical Literacies: Negotiating Powerful and Pleasurable Curricula: How Do We FosterCritical Literacy through English Language Arts?*, Paper presented at the annual conference of The 89 th National Council of Teachers of English (NCTE), Denver, Colorado;
3. *Critical Literacy* (2006), English Learning Area: Especially for Teachers – About English, Authorised by Executive Director (Curriculum Standards and Support), Department of Education, Tasmania, School Education Division, retrieved from http://wwwfp.education.tas.gov.au/english/critlit.htm -->;
4. Freire P. (1970) *Pedagogy of the oppressed*, Communist University, retrieved 15.12.2007 from 2007 http://amadlandawonye.wikispaces.com.
5. Howards, M. (1965). Ways and means of improving critical reading skills. In M.A. Dawson (Ed.), *Developing comprehension: Including critical reading* (pp. 193-195). Newark, DE: International Reading Association.;
6. Huus, H. (1965). Critical and creative reading. In M.A. Dawson (Ed.), *Developing comprehension: Including critical reading* (pp. 163-165). Newark, DE: International Reading Association;
7. Lee, D. (1968). *Critical reading develops early.* Newark, DE: International Reading Association;
8. Luke, A. & Freebody, P. (1999). Further Notes on the Four Resources Model, *Reading Online*, International Reading Association, Inc., retrieved from 1999-2000 August; http://www.readingonline.org/past/past_index.asp?HREF=/research/lukefreebody.html -->.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Ристо Грујовски,
директор

СТРУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

УДК 37.091.321:005.336.2

Вовед

Современото образование се соочува со динамични општествени, технолошки и педагошки промени, што наметнува зголемени барања кон наставниот кадар. Во тој контекст, стручните компетенции на наставниците и воспитувачите претставуваат клучен фактор за квалитетот на наставата и целокупниот образовен процес.

Стручните компетенции не се однесуваат само на познавањето на наставната содржина, туку и на способноста за нејзина ефективна примена, прилагодување кон поптребите на учениците и континуиран професионален развој.

1. Поим и значење на стручните компетенции

Стручните компетенции во образованието претставуваат збир од знаења, вештини, способности и ставови кои наставникот ги поседува и ги применува во својата професионална пракса. Тие овозможуваат успешно планирање, реализација и евалуација на наставниот процес, како и развој на позитивна образовна клима.

Значењето на стручните компетенции се огледува во фактот дека квалитетот на образованието во голема мера зависи од компетентноста на наставниците.

Компетентниот наставник придонесува за повисоки постигнувања кај учениците, развој на критичко мислење, креативност и самостојност во учењето.

2. Видови стручни компетенции во образованието

2.1. Предметно-стручни компетенции

Овие компетенции се однесуваат на длабинско познавање на наставната област или предмет. Наставникот треба да ги познава основните поими, теории и современи достигнувања во својата струка, како и да ги следи новините и промените во научната дисциплина.

Предметно-стручната компетентност е основа за сигурна и квалитетна настава.

2.2. Педагошко-дидактички компетенции

Педагошко-дидактичките компетенции опфаќаат знаења и вештини поврзани со планирање, организирање и реализирање на наставата. Во педагошко-дидактичките компетенции спаѓаат: изборот на наставни методи и форми, прилагодувањето на наставата кон возраста и индивидуалните разлики на учениците, како и создавањето на мотивирачка средина за учење.

2.3. Методички компетенции

Методичките компетенции се поврзани со практичната примена на наставните методи во конкретен наставен предмет. Наставникот треба да знае како да ја претстави наставната содржина на јасен и разбирлив начин, како и да поттикнува активно учество на учениците во наставата.

2.4. Комуникациски и социјални компетенции

Комуникациските компетенции се однесуваат на способноста за ефективна комуникација со учениците, колегите и родителите. Тие вклучуваат активно слушање, јасно изразување, емпатија и решавање конфликти.

Социјалните компетенции придонесуваат за градење позитивни меѓучовечки односи и соработка во училиштето.

2.5. Дигитални компетенции

Во современото образование дигиталните компетенции стануваат сè поважни. Тие опфаќаат користење на информатичко-комуникациски технологии во наставата, примена на дигитални алатки и платформи, како и развој на дигитална писменост кај учениците.

Заклучок

Стручните компетенции не се статични, туку се развиваат и унапредуваат преку континуирано стручно усовршување. Овој процес вклучува формално образование, обуки, семинари, работилници, размена на искуства со колеги и саморефлексија. Континуираниот професионален развој е предуслов за квалитетна и современа настава.

Стручните компетенции во образованието претставуваат темел на професионалната улога на наставникот. Тие овозможуваат успешна реализација на наставниот процес, подобрување на квалитетот на образованието и целосен развој на учениците. Затоа, вложувањето во развојот на стручните компетенции треба да биде приоритет и на образовните институции и на самите наставници.

Користена литература:

1. Петковски К., Пеливанова Г. (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието*. Битола: Хераклиј Комерц.
2. Илиевска М. (2016). *Училиште и воспитна клима*. Скопје: Просветен работник.
3. Петковски К., Алексова М. (2004). *Водење на динамично училиште: организација, приоритети, предизвици и достигнувања*. Скопје: Биро за развој на образованието.

СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ

Миле Атанасоски,
наставник по графички стручни предмети

ОБУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАФИЧАРСТВОТО“

УДК 37.091.32

Во рамките на графичката струка/сектор графичарство во текот на 2023/24 година, се изработи наставна програма за содржини програмирани од училиштата **Еколошка одржливост во графичарството**, преку која учениците ќе се оспособат да дејствуваат соодветно во рамките на струката/секторот, со што ќе придонесат за чиста животна средина.

Изработен е и прирачникот „Еколошка одржливост во графичарството“ кој претставува наставно помагало за постигнување на резултатите од учење од соодветната наставна програма и се состои од содржини соодветни на модуларните единици предвидени во програмата, и тоа:

1. Еколошко одржливи системи
2. Екологија на животниот циклус на графичкиот производ
3. Справување со отпад во графичкиот процес.

Прирачникот е наменет за наставници и ученици и има за цел преку теоретски дел, задачи, вежби и проектни активности, да обезбеди успешна реализација на соодветната наставна програма. За да се продлабочат знаењата, Прирачникот содржи и дополнителни насоки/адреси/литература за пребарување. Дел од Прирачникот е и толковникот на нови поими. Прирачникот наоѓа примена и во други наставни предмети во струката како и во други струки во стручното образование за стекнување знаења и придонес во заштита на животната средина. Овој Прирачник е објавен на веб-страницата на Центарот за стручно образование и обука (https://crso.gov.mk/prirachniczi/) и на Платформата за професионален развој на наставен и друг стручен кадар во стручното образование (https://inovet.edu.mk).

Во рамките на проектот беше предвидена и обука на наставниците од графичката струка. Обуката се одржа на 19 и 20 август 2024 год., а во неа учествуваа наставници од нашето училиште во Битола, но и наставници од средните училишта во Прилеп, Скопје, Гостивар и Кичево, односно таму каде што се реализира настава за ученици од графичка струка. Обуката се реализираше он лајн, а обучувачи беа Ардијана Исахи Палоши, советник од Центарот за стручно образование и обука – Скопје и Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети во СОУ „Таки Даскало“ – Битола.

На обуката најпрво беа презентирани основните информации за проектот, кој се реализираше во рамки на партнерството на Центарот за стручно образование и обука и УНИЦЕФ, со финансиска поддршка од Шведска, и во рамки на проектот на Владата на Швајцарија „Образование за вработување (Е4Е@мк)”, под покровителство на Министерството за образование и наука.

Во овој дел од обуката на учесниците им беше промовирана наставната програма за Содржини програмирани од училиштето насловена „Еколошка одржливост во графичарството“ за II (втора) година, за сите квалификации во техничкото образование од Сектор Графичарство. Беа дадени и насоки за планирање, реализирање и евидентирање на содржини програмирани од училиштето.

Во продолжение на обуката, во детали беше презентиран прирачникот „Еколошка одржливост во графичарството“ за ученици и наставници, при што учесниците беа запознати со содржината и структурата на ова помагало. Во текот на обуката беа изведени неколку интерактивни активности со учесниците во најголем дел во форма на дискусии за содржината на прирачникот, но и неколку активности во кои учесниците даваа предлози и креативни решенија за еколошките предизвици со кои се соочува графичаарството. Учесниците на обуката зедоа активно учество во обуката со што придонесоа за поефикасна имплементација на прирачникот во наставата во своите училишта.

СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ

м-р Марија Младеновска-Димитровска,
училишен психолог

РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

УДК 37.091.214-056.36

На 22 и 29 октомври 2025 г. во СОУ „Таки Даскало“ – Битола беа реализирани обуки за наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби. Обуките ги реализира психологот и координатор на Училишниот инклузивен тим м-р Марија Младеновска-Димитровска.

Едната обука беше на тема: „Работа со ученици со аутистичен спектар на нарушувања“, на која на наставниците им беа презентирани:

- специфичните карактеристики на учениците со аутистичен спектар на нарушувања на когнитивен, емоционален, социјален план,
- адаптација во средината, проблемите во социјализацијата и комуникацијата на овие ученици,
- им беа дадени конкретни препораки за работа со овие ученици,
- примена на соодветни методи и техники на поучување и оценување на овие ученици, психомоторната реедукација во работата со ученици со аутистичен спектар,
- примена на сензорната стимулација во работата со ученици,
- адаптација на училницата на потребите на овие ученици,
- создавање на услови и прилагодување за работа со овие деца,
- справување со емоционалните реакции на учениците,
- поддршка во процесот на социјализација во училишната средина на овие ученици и поддршка од соучениците.

Другата обука беше на тема: „Работа со ученици со посебни образовни потреби – специфични потешкотии во учењето: дислексија, дисграфија, дискалкулија“. Беа презентирани специфичните карактеристики на овие нарушувања, со конкретни примери за детектирање на нарушувањата во процесот на читање и пишување, со начините како да ја препознаат навремено дислексијата, дисграфијата, дискалкулијата, како да обезбедат поддршка во училница за овие деца, како да направат диференциран пристат за работа со учениците и конкретни препораки за работа со учениците, кои се нивните можности и јаки страни. Исто така на наставниците им беше презентиран и фонт на букви изработен од Филозофскиот факултет во Скопје од Институтот за специјална едукација и рехабилитација изработен за ученици со дислексија кој би можеле да го користат во наставата при изработка на тестови, наставни ливчиња и други материјали за работа на часовите. На обуката присуствуваа наставници од стручно и гимназиско образование.





ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Милица Димитријовска-Радевска,
наставник по македонски јазик и литература

УПФТ – КРЕИРАЊЕ НА АВТЕНТИЧНИ ЗАДАЧИ СО ПОМОШ НА УЛОГА, ПУБЛИКА, ФОРМА И ТЕМА

УДК 37.091.322:821.133.1-22

УПФТ е стратегија која им овозможува на учениците да креираат автентични пишувани задачи, односно учениците низ различните форми на писмено изразување заземаат став за одредени прашања кои ги презентираат пред определен аудиториум. На овој начин учениците се стекнуваат со определени презентерски способности и вештини. Оваа стратегија може да најде своја примена по сите наставни единици по предметот Македонски јазик и литература, независно дали станува збор за часови по граматика, односно јазик, или тоа се часови од литература кога се изразуваат одредени ставови за некои конкретни проблеми, односно ликови. Во секој случај УПФТ им овозможува на учениците не само да истражуваат и да бидат креативни туку и да прават корелација со сродни предмети и наставни подрачја. Примерот во продолжение е од наставниот предмет Македонски јазик и литература, од темата „Класицизмот во европската литература“ / Обработка на комедијата „Тартиф“ од Жан Поклен-Молиер.

Цели на часот:
- учениците да ги активираат своите знаења за животот и литературната дејност на претставникот на францускиот класицизам и комедијата „Тартиф“ од Молиер
- учениците да го прочитаат делото „Тартиф“ од Молиер и да умееат да ги издвојат особеностите на класицизмот во истото;
- кај учениците да се развие свест за одговорност, самокритичност за определени етички и морални проблеми и прашања кои произлегуваат од делото;
- кај учениците да се развие чувство за толерантност, самоконтрола, флексибилност, почитување на туѓите ставови, мислења, дискусии;
- кај учениците да се развие креативност, истражувачки дух во решавање на проблеми и во донесување на важни животни одлуки;
- учениците да научат да го лоцираат и да го разберат функционирањето на определени социјални групи во општеството.

Форми на работа: фронтална, индивидуална и работа во парови

Методи и техники: монолошка, дијалошка, текст-метода, бура на идеи, анализа, синтеза, дискусија и Power point презентација

Наставни средства и помагала: постер хартија, компјутер, хартија, печатач

Тек на часот

РЕЗИМЕ НА УПФТ: дизајнирање на автентично пишувани задачи преку УПФТ
Фаза 1. Активирање на претходното знаење
- Наставникот бара од учениците да изложат повеќе видови на пишувани задачи.
- Учениците одговараат на прашања што поттикнуваат разни размислувања на оваа тема за конвенционалниот и автентичниот наставник.
- Наставникот ги запишува идеите на постер- хартија.

Фаза 2. Создавање значење
- Учениците се запознаваат со УПФТ активноста, особено со четирите главни димензии на пишување на задачи: Улога, Публика, Форма и Тема.

- Учениците работат индивидуално во однос на изборот на УПФТ активноста во врска со проблемите во делото комедијата „Тартиф“ од Молиер
- Учениците дискутираат за тоа за какви пишувани задачи се определиле, се консултираат за тоа дали добро размислиле за изборот.

Фаза 3. Вреднување и примена
- Учениците на следниот час ги презентираат своите писмени задачи.

Пример на неколку автентични писмени задачи
1. Задача: Лицемерието како предизвик на социјалните односи на младите во современото општество.
2. Лицемерието како доблест или прокуда во 21 век.
3. Врз проблемите во делото комедијата „Тартиф“ од Молиер, изработете писмена задача која ќе биде најсоодветна во однос на зададените теми.

Улога – ученикот во улога на новинар кој разговара со стручно лице од областа на општествените науки. Ученикот во улога на новинар пишува есеј или колумна.
Публика – читателите на соодветно списание
Форма – интервју, есеј, колумна
Тема – Лицемерието како предизвик на социјалните односи на младите во современото општество / Лицемерието како доблест или прокуда во 21 век.

Матрица за дефинирање на улоги

личност	**став**	**информации**
Како да и дадам личен призвук на мојата улога? Кој сум и кои се аспектите на мојот карактер што се поврзани со темата	Зошто ме интересира оваа конкретна тема? Кои се моите чувства, верувања, емоции и грижи во врска со темата?	Што е тоа што го знам и треба да го наведам додека пишувам за темата? Кои ресурси ми се потребни за внимателно испитување на мојата улога?

Примери на автентични задачи напишани од ученици од СОУ „Таки Даскало“ – Битола

Лицемерието како доблест или прекуда на 21 век

Лицемерието е појава при која човекот свесно или несвесно се претставува поинаков од тоа што навистина е ,односно зборува едно , а постапува спротивно . Тоа претставува носење „маска“ пред другите се со цел да се добие одобрување , почит или корист .Во современото општествено живеење лицемерието го среќаваме во различни сегменти како што се во семејството , училиштето , меѓу пријателите , на социјалните мрежи , во моралните односи и др . Луѓето често се претставуваат како добри и чесни , додека пак нивните дела го покажуваат спротивното .

Мислам дека лицемерието претставува прекуда затоа што ги уништува искреноста и довербата меѓу луѓето . Првиот негативен пример за лицемерие го среќаваме во делото „Тартиф“ од Молиер . Тартиф се претставува како побожен и морален човек , а всушност е алчен и подмолен.Тој во делото кажува една мисла која гласи : „ Јас сум грешник , но доблеста ја почитувам “ . Со оваа мисла тој се претставува како скромен и чесен , додека во позадина работи за лична корист . Втор силен доказ за неговото лицемерие е неговото уверување дека надворешната побожност е доволна за да се сокрие вистината , а тоа можеме да го видиме во една негова мисла која гласи : „Гревовите што се вршат тивко , не се сметаат за гревови “ . Со оваа мисла Тартиф јасно покажува дека ја користи религијата како маска. Втор негативен пример од секојдневниот живот е лицемерието во односите меѓу блиските кога некој глуми пријателство, а зад грб озборува. Друг пример е кога луѓето зборуваат за морал и чесност, а притоа тие вредности не ги применуваат во својот живот. Сепак, може да се каже дека лицемерието некогаш има и позитивни страни . Прв пример за тоа е кога некој човек ги прикрива своите чувства за да не повреди некого. Втор пример е кога некој се однесува културно и воздржано иако не е целосно искрен , со цел да се зачува мирот . Во „ Тартиф“

справувањето со лицемерието се врши преку разоткривање . Елмира со мудрост го разоткрива Тартиф , а вистината на крајот победува и лицемерот е казнет .

На крајот може да се заклучи дека лицемерието , иако понекогаш изгледа како корисна социјална вештина ,претставува сериозна прекуда на 21 век . Решението за спас од лицемерието лежи во искреноста, самосвеста и храброста да се биде свој. Како што ни покажува делото „Тартиф“, вистината секогаш излегува на виделина, а лицемерието секогаш се разоткрива .

Јован Димитријовски II 11, гимназиско образование, билингвална паралелка

Лицемерието како предизвик во социјалните односи на младите во современото општество

Лицемерието е структурна несоодветност меѓу внатрешната ориентација на човек и јавното дејствување во социјален контекст. Оваа несоодветност не претставува исклучок, туку постојана појава во услови на зголемена јавна изложеност и притисок. Кај младите, идентитетот се конституира низ процес на постојано позиционирање во однос на доминантни вредносни режими.

Социјалните односи функционираат како медиум преку кој овој процес се стабилизира или нарушува. Современото општество воспоставува јавно поле во кое моралната артикулација станува предуслов за видливост. Во такви услови, човекот е принуден да одржува надворешна позиција, дури и кога таа позиција не се совпаѓа со внатрешната состојба. Лицемерието, во овој контекст, е механизам за одржување на функционална социјална припадност. Прашањето за автентичност се поместува од центарот на анализата и се заменува со прашањето за одржливост на учеството во заедницата. Во колективен контекст, лицемерието се институционализира како нормална практика. Социјалните односи кај младите се посредувани од јавни дискурси што поставуваат граници на дозволено изразување. Ставовите се артикулираат во согласност со доминантните очекувања и функционираат како маркери на легитимност. Таквата динамика доведува до унифицирање на однесувањето и постепено слабеење на личната одговорност. Односите меѓу младите се одржуваат преку стабилност на надворешната интеракција, додека внатрешната ангажираност се минимизира. Довербата не се темели врз меѓусебно разбирање, туку врз предвидливост на однесувањето. Конфликтот се маргинализира, а критичката позиција се перципира како закана за колективниот ред. Лицемерието овозможува континуитет на односите, но истовремено го ограничува нивниот развоен потенцијал. Оваа динамика резултира со социјална структура во која младите се постојано присутни, но ретко субјективно вклучени. Односите постојат на функционално ниво, додека нивната етичка димензија останува потисната. Оваа појава има системска основа и не подлежи исклучиво на морална интерпретација. Обидите за негово надминување преку апели за искреност не ја земаат предвид структурата што го произведува. Потребен е поместен аналитички фокус кон условите што го прават лицемерието рационален избор. Самосвеста за сопствената позиција во мрежата на социјални очекувања претставува прв чекор кон реконцептуализација на односите. Одговорноста кон сопственото дејствување има централна улога во однос на јавните норми.

Критичката позиција е поврзана со преземање последици од дејствувањето. Социјалните односи кај младите се продлабочуваат само преку прифаќање на противречноста како составен дел од социјалната динамика. Лицемерието го губи своето деструктивно влијание во моментот кога престанува да биде несвесна практика.

Марко Савиќ, II 11, гимназиско образование, билингвална паралелка

Лицемерието како доблест или прокуда на 21 век

Лицемерието е еден од најстарите човечки пороци, но никогаш досега не било толку видливо и прифатено како во 21 век. Тоа претставува јаз помеѓу зборовите и делата, помеѓу јавниот лик и приватната вистина. Во современиот свет, каде што доминираат медиумите, социјалните мрежи и култот на „совршен имиџ“, лицемерието не само што се толерира, туку често се наградува. Го среќаваме во политиката, економијата, јавниот морал, но и во секојдневниот живот. Затоа, дилемата дали лицемерието е доблест што му помага на човекот да опстане или прокуда што го разградува општеството е една од клучните морални дилеми на нашето време.

На прв поглед, лицемерието може да изгледа корисно. Во дипломатијата, на пример, отворената искреност понекогаш би значела војна, додека внимателно прикриената вистина носи мир. Во секојдневниот живот, луѓето често не ја кажуваат суровата вистина за да не повредат некого. Во тие случаи, лицемерието се појавува како заштитен механизам, како социјално масло што ги намалува триењата меѓу луѓето. Но, проблемот настанува кога лицемерието станува правило, а не исклучок. Во 21 век сведочиме на политички лидери кои зборуваат за правда, а создаваат нееднаквост; за слобода, а владеат со страв. Големи корпорации јавно се претставуваат како етички и „зелени“, додека зад сцената ја жртвуваат природата и човечкиот труд за профит. На социјалните мрежи, луѓето глумат среќа, успех и морална супериорност, создавајќи лажна реалност што врши притисок врз младите да бидат нешто што не се. Таквото лицемерие не само што ја уништува довербата, туку го понижува поимот вистина. Како индивидуа, најтешката борба е борбата со сопственото лицемерие. Секој човек носи маски, но изборот дали ќе живее зад нив или ќе се соочи со себе е морална одлука. Јас сметам дека искреноста, иако често болна, е единствениот пат кон лична слобода и интегритет.

Лицемерието во 21 век може привремено да се претстави како доблест, но во својата суштина е прокуда што тивко го разорува моралот на поединецот и општеството. Спасот не лежи во совршенство, туку во храброста да се биде вистинит пред другите, но најмногу пред самиот себе. Само кога зборовите и делата ќе се усогласат, современиот човек ќе може да изгради свет без маски, во кој вистината повторно ќе има вредност.

Андреј Стојчевски II 11, гимназиско образование, билингвална паралелка

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Катерина Димитровска Богеска, Наташа Стојановска, Марина Ангелевска,
образовни асистенти

НАШЕТО ИНКЛУЗИВНО УЧИЛИШТЕ

УДК 373.5.013.82-056.36-044.252

Инклузивното образование претставува современ образовен пристап кој има за цел да обезбедува еднакви можности за сите деца поедначко. Образованието е основно човеково право и значаен фактор за личен и социјален развој. Децата кои се запишани во СОУ „Таки Даскало“ – Битола непречено го остваруваат ова свое право, тие се вклучени во редовниот образовен процес без никаква дискриминација.

СОУ „Таки Даскало“ – Битола е првото средно училиште во коешто за првпат беше воведена образовната асистенција, со цел излегување во пресрет на потребите на учениците со различни потешкотии. Вклучувањето на децата со попреченост во редовната настава придонесува за нивен целосен развој и подобра социјална интеграција. Инклузивното образование претставува неопходен чекор кон праведно и хумано општество.

Придобивките од инклузивното образование во нашето училиште се големи. Децата со попреченост се добро социјално и емоционално развиени, развиена е емпатијата, толеранцијата и соработката кај сите ученици, а учениците со посебни образовни потреби се подготвуваат за реалниот разновиден општествен живот. Со заеднички сили и напори учествуваме во обезбедување на квалитетно учење за сите ученици, има тимска работа и значајна соработка помеѓу образовните асистенти, наставниците од графичката струка, стручната служба и сл. Самата настава се одвива на принципот сите ученици да учат заедно, без никакви поделби и со прилагодување на наставните содржини.

Да се биде образовен асистент носи големи предизвици со себе, но од друга страна е доста благородна работа која бара големо внимание, трпение, посветеност, но пред сè голема љубов. Во текот на нашата долгогодишна работа сме се сретнале со различни видови на попречености: аутистичен спектар, Даунов синдром, интелектуални попречености, говорни јазични тешкотии и др.

Нашата улога е помагање и поддршка на ученикот во воспитно-образовниот процес за што полесно совладување на образовниот материјал со посредство на предметните наставници.

Комуникацијата асистент-наставник е најважна алатка бидејќи само така можеме да постигнеме успеси и прилагодување на материјалот според индивудалните можности на секој ученик посебно. Во графичката струка владее навистина доста позитивна клима за работа, учениците со посебни образовни потреби се одлично прифатени, како од наставниците така и од нивните соученици кои помагаат секогаш кога е потребно, другаруваат, ја делат среќата, се радуваат на секој заеднички момент во наставата, но и во одбележување на приватни настани и сл.

Ние како образовни асистенти постојано се надоградуваме и доедуцираме, посетуваме обуки, комуницираме и соработуваме со стручната служба, а посебно со наставниците по графички стручни предмети од графичкиот кабинет.

Инклузивниот тим на училиштето е доста важен за успешно реализирање на целиот овај образовен процес. Се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на цело училиште, ги осмислува и спроведува планираните активности и се грижи истите да бидат усогласени во воспитно-образовната работа. Инклузивниот тим за ученикот, пак, во фокусот на својата работа го има конкретниот ученик за кого е формиран овој тим. Во таа смисла, доколку е препорачано, училишниот тим изготвува ИОП за ученикот со попречености согласно неговите индивидуални и потенцијални потреби и работи со него.

Со еден збор можеме да кажеме дека дека ние како образовни асистенти и учениците со попреченост, сме навистина среќни што сме дел од едно вакво организирано инклузивно училиште, прифатени и поддржани од графичката струка во секој поглед, бидејќи само така навистина ќе можеме да постигнеме позитивни резултати, сè со една цел – солидно образование на учениците според нивните индивидуални можности, љубов, среќа и насмевки кај сите нив.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Катерина Спасовска-Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска,
наставници по графички стручни предмети

СПОРЕДБЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЧАТЕНИТЕ И ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ

УДК [07:655.1]:07-028.27

Во традиционална смисла на зборот, издаваштвото се однесува на производство и дистрибуција на печатени дела (кога се зборува од аспект на графичарството), како: книги, весници и списанија, но со развојот на дигитализацијата и интернетот, опсегот на издаваштвото е проширен и на електронски верзии на книгите и периодичните изданија, како и на: микропечатење, веб-портали, блогови и сл.

Издаваштвото се реализира низ фазите на:

- ✓ обезбедување на делото,
- ✓ уредување на делото,
- ✓ продукција,
- ✓ печатење (или неговиот електронски еквивалент),
- ✓ маркетинг и
- ✓ дистрибуција на делото.

Во современите услови на живеење, издаваштвото е многу значајно затоа што често подразбира дури и милионски тиражи и предизвикува голем интерес кај луѓето, што не е возможно без корелација со графичарството. Има различни поделби на издаваштвото опфаќајќи традиционални, самоиздавачки и хибридни модели.

Печатените и електронските медиуми се разликуваат во многу работи (дел од нив се наведени во *Табела 1* во којашто се дадени споредбени карактеристики на двата вида медиуми), но имаат и многу допирни точки. Користењето и дистрибуцијата на печатените и на електронските медиуми, на пример, се регулираат со заштита на авторските права на авторот на делото. Квалитетот, и на едните и на другите медиуми, се поврзува со резолуцијата на приказот – кај печатените медиуми тоа е линијатурата на отпечатокот, а кај електронските се работи за резолуцијата на екранот.

ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ	ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ
Писменоста е предуслов за разбирање на печатените медиуми.	И неписмените луѓе можат да следат дел од електронските медиуми (на пр.: телевизиски вести).
Печатените медиуми најчесто се со даден рок на уредување (на пр.: информациите за дневните весници се уредуваат до полноќ).	Вестите во електронските медиуми можат да се објавуваат и дополнуваат во секое време.
Информациите во печатените медиуми читателите можат повторно да ги препрочитаат.	Гледачите (со исклучок на современите дигитални програми) не можат да ги вратат вестите.
Печатените медиуми обилуваат со прецизни и потполни информации и аналитички пристап на содржината.	Електронските медиуми често го пренесуваат само главниот дел од информациите.
Печатените медиуми немаат можност да ја вклучат јавноста „во живо“.	Електронските медиуми често вклучуваат гледачи и други соговорници во јавни дискусии.
Јазикот во печатените медиуми е формален и литературен.	Јазикот во електронските медиуми често е неформален и секојдневен.
Не е можно често дополнување на информациите.	Дополнувањето на информациите е едноставно и изводливо во секое време.

Табела бр. 1: Споредбени карактеристики на печатените и електронските медиуми

Палетата на медиуми и издаваштво е шаренолика, но и брзо се менува. Со развојот на графичките системи овозможено е пазарот на отпечатени производи да биде поразнороден од кога и да било претходно. Поради ваквиот брз развој на печатарството надополнет со експанзијата на интернетот, и издаваштвото за кратко време претрпи фундаментална трансформација. Така, денес, покрај печатените медиуми, разликуваме и електронски медиуми, мултимедии (комбинација на повеќе медиуми), како и интеграција на нови медиуми.

Иднината поставува предизвици и пред печатените и пред електронските медиуми. Во поново време сè поизразита е потребата од интеграција на медиумите, односно од комбинирање на печатените со електронските медиуми, изработка на производи од мултимедијален карактер и слично.

Во најново време, се поставуваат нови предизвици пред издаваштвото, во прв ред заради сè поголемата употреба на вештачката интелигенција и во процесот на пишување и во производството на публикации, но и заради брзата автоматизација на работните процеси во производството и дистрибуцијата на печатените и електронските медиуми. Современите трендови во издаваштвото вклучуваат:

- пишување и техничко уредување на публикации со користење на некоја форма на вештачка интелигенција,
- зголемена побарувачка за аудиокниги и книги во веб-формат,
- маркетинг базиран на податоци,
- директен пристап (продажба) до потрошувачите и
- пораст на печатењето по нарачка (и со директно обраќање кај издавачот/печатарот и со нарачка на интернет страници кои продаваат публикации во електронска и печатена форма).

Во рамките на наставата по предметот „Основи на графичарство и сродни сектори“ за прва година графичка струка, за образовните профили графички техничар и графички уредник-дизајнер, се реализираат содржини со кои се потврдува корелацијата на графичката индустрија со издаваштвото. Еден од таквите примери е наставната содржина со наслов: „Издаваштво и печатени медиуми“ којашто е застапена во втората модуларна единица, во делот „Поврзаност на графичарството со сродни сектори“.

Модуларна единица 2: Графичка индустрија.

Резултат од учење (РУ) 3: Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да ја поврзува графичката индустрија со сродните дејности (конкретно со издаваштвото).

Форми на работа:

- ✓ фронтална,
- ✓ индивидуална и
- ✓ групна работа.

Наставни методи:

- ✓ монолошка,
- ✓ дијалошка (дискусија),
- ✓ анализа – синтеза,
- ✓ практични активности.

Наставни техники/стратегии:

- ✓ бура на идеи,
- ✓ влезен билет,
- ✓ Т-табела,
- ✓ излезен билет.

Потребни ресурси за реализација на наставната содржина:

- ✓ компјутер,
- ✓ телевизор,
- ✓ учебник „Основи на графичарство и сродни сектори“ (е-верзија),
- ✓ примероци од печатени медиуми,
- ✓ примероци од Влезен билет,
- ✓ наставни листови – Споредбена табела за печатени и електронски медиуми (печатена и е-верзија),
- ✓ примероци од Излезен билет.

Воведна активност:

На учениците им се делат листови со влезен билет.

Влезен билет:	Напиши наслов на еден печатен дневен весник или наслов на еден интернет портал.

Наставникот ги собира влезните билети. Гласно чита од содржините на влезните билети, поттикнува дискусија за записите на учениците и прави корелација со наставната содржина „Издаваштво и печатени медиуми“.

Активност во главниот дел на часот:

Наставникот дели наставни листови и дава напатствија за пополнување на Т-табела за споредба меѓу печатените и електронските медиуми со користење на табелата „Споредбени карактеристики на печатените и електронските медиуми“ (стр.68 во учебникот).

СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА НА ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ		
	Предности	**Недостатоци**
Печатени медиуми		
Електронски медиуми		

Табела 2. Споредбена табела за печатени и електронски медиуми

Завршна активност:

На учениците им се делат листови со излезен билет.

Излезен билет:	Кои се предизвиците кои модерното време ги поставува пред печатените и електронските медиуми?

Учениците ги пополнуваат излезните билети и при напуштањето на училницата ги предаваат кај наставникот.

За записите кои учениците ќе ги внесат во излезните билети ќе се дискутира на следниот наставен час.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Николина Поповска,
наставник по македонски јазик и литература

СОНИШТАТА КАКО ОДРАЗ НА ВНАТРЕШЕН ГЛАС ВО РОМАНОТ „ПИРЕЈ“ ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

УДК 37.091.315.7:821.163.3-31

Наставен предмет: Македонски јазик и литература

Година на образование: IV (четврта) година

Вид на образование: Гимназиско образование

Наставна тема: Современа македонска литература

Наставна единица:
Интерпретација на романот „Пиреј“ (3 час)
Соништата како одраз на внатрешен глас во романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски

Воспитно-образовни, функционални цели на часот:
- ученикот ги репродуцира основните белези на современиот македонски роман;
- ги интерпретира основните белези на романот: тема, идеја, композиција, историска подлога на романот;
- опишува наратор и ликови во делото;
- применува теоретски знаења од литературата врз примерот од романот „Пиреј“;
- ги анализира соништата и ја открива длабоката психолошка, симболична и тематска функција во романот.

Форми на работа:
- фронтална,
- индивидуална и
- работа во парови

Методи и техники:
- дневник со двоен запис,
- анализа,
- синтеза,
- монолошко-дијалошки метод,
- проблемско-творечки

Наставни средства и помагала:
- примери од романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски
- наставно ливче Дневник со двоен запис

Организација на часот

	Активности на наставникот	Активности на ученикот
Фаза – Евокација	Учениците имаа домашна задача да ги анализираат соновите и да ја откријат нивната симболична и тематска функција во романот. Петре М. Андреевски на суптилен начин користи фолклорни и митски елементи во романот.	Учениците внимателно ги следат појаснувањата, поставуваат дополнителни прашања во врска со текот на часот. Учениците одговараат на прашањата.

	Женското писмо доминира во ликот на Велика, па така раскажувањето на соништата ја откриваат нејзината болка и ја бранuваат тишината на нејзината аура. Наставникот бара од учениците да ги репродуцираат знаењата од претходните часови посветени на романот „Пиреј“: тематско-идејна основа, композиција, историски контекст, ликови...	
Фаза – Сфаќање на значењето	Наставникот потоа ги групира учениците во парови и бара од нив според дадените насоки да ја откријат семиотиката на соновите.	Учениците одговараат на поставените барања и го исполнуваат делот **Јас велам**... со пронајдените одговори.
Фаза – Презентација	„Соништата како одраз на внатрешниот глас во романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски“ - Соновите се вешто вметнати во нарацијата на романот, такашто учениците ќе треба внимателно да го читаат делото и да го пронајдат контекстот и симболиката: деца, Јон, страдање, судбина. - Соновите имаат и уметничка нишка на лиричност и возбудливи сцени на исчекување - Преку соновите го слушаме гласот и на колективната меморија на македонскиот народ.	
Фаза – Рефлексија	Наставникот бара од учениците да ги презентираат своите трудови кои ќе бидат оценувани според однапред поставени правила.	Учениците внимателно ги следат презентациите за Дневникот со двоен запис, даваат сугестии, забелешки во насока на квалитетно усвојување на знаењата од теорија, за литература-епика.
Забелешки за реализација на часот		
Постапки за вреднување на часот	Критериуми за оценување на Дневник со двоен запис.	Активност на часот. Квалитетот на изработениот Дневник со двоен запис.

Пример за изработен Дневник со двоен запис:

Авторот вели	Јас велам
„И за големо чудење не го сонив Јона, туку некој непознат човек, непознат војник. Гледав само војски, војски, колони војски гледав, забрзани кон некаде. Главите им се покриени со железо, со некакви шлемови што им светкаат ко тиквивидимки, ко црпки. Одат и очи не можеш да им видиш. А, лицето без очи не го познаваш, не знаеш што ти мисли. Јас одам крај нив, им мавтам со рака, а тие само одат и не се обзираат. Им го	„Ноќта ѝ беше потешка од денот“, зашто соновите ги претскажуваа деновите на братоубиствените војни, Јон ќе биде директен учесник.

гледам само тилот. Ама, одејќи така, еден од крајот на редот се сопна и, паѓајќи ме погледна право в очи. Ме погледна, се насмеа и со смеење се исправи“.	
„Слушам: надвор нешто тропа, бучи, баботи. Излегувам на чардак и што ќе видам! Беше стекло една голема вода низ гумното. Иди така водата откај Вендиовци, се мати, се пени, и с’е под себе корне и понесува. Првин го откорнува вратничето, го бувна и го откорна, па дури во стежерот. И него го заниша и го спрпелка матицата. Потоа почна да ги поткопува темелите и дирецте од куќата. Јас се нишам горе на чардакот, ко ветка, а долу, в пондила, рикаат кравата и магарето. Рикаат тажно, речиси плачат, ко луѓе. Оф, мори мајко, што е ова: дали потоп, дали погубиште на светот? И тогаш наеднаш од некаде, ко од никаде се јавива Јон. Застанал на вратата од пондилата и ја запира водата ..... Копа секаде водата и ги стасува и децата...“	Мрачен сон исполнет со фрагменти на смрт и разделба. Пророчко претскажување на смртта на децата, загубата на најмилите. Судбината на Велика како неминовност, влијанието на животните прилики, она што може и не може да се промени.
„Дремам и во дремката ја здогледувам Велика, жената моја. Излегува од зад тронот магарешки, пред ровот еве вака, колку дваесетина чекори од мене. Ја гледам се облекла во невестинска облека. И со бел туљбен преврзана градски. Стои така до тронот и ми мавта со рацете. ..... - Станувај Јоне, оттука, вели, и ми стои така пред пушка, пред цевка“.	И Јон ја сонува Велика. Сонувајќи ја Велика ја избегнува смртта на бојното поле.
Дали Велика во дадени мигови не животвори меѓу сонот и јавето?	Загубата на најблиските вртлогот на војните, сиромаштијата, болестите се тешка и болна реалност. Реалниот живот мачно патешествие многупати претскажано од сонот, но и страдање длабоко во душата на Велика. Нејзиниот живот е искушение во длабока тага, а сонот е глас на нејзината болка. Душевната болка е преголема и на јаве и на сон.
Класификација на соновите според темата.	Соновите за децата, како траен сон, сон за враќање на Јон, сонот за пат (постојано талкање во себеси), сонот за празниот дом итн.
Кои сонови се повторуваат?	Соновите за загубата на децата.
Симболиката на соновите	Според народните верувања: - вода (живот, но ако копа и поткопува значи смрт) - земја (татковина, но и гроб) - мртви (вечни загуби на блиски луѓе) - војска (војни, загуба на блиски) - тишина (страв, потисната болка)
Дали соновите се поврзани со мотивот на пирејот?	Може да се поврзат со вечното повторување и сеприсутност, не може да се откорнат како пирејот. Но, душата на луѓето не е уништена, туку се бори за опстојување.

И С Т Р А Ж У В А Њ Е

м-р Анета Димовска,
наставник по математика

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВРЗ РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА КУРИКУЛУМОТ ПО МАТЕМАТИКА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

УДК [373.3/.5.016:51]:[37.011.3-051:005.336.2]

Апстракт

Во современото образование, професионалните компетенции на наставниците играат клучна улога во успешната реализација на курикулумот. Овој труд ги истражува аспектите на професионалните компетенции на наставниците и нивното влијание врз ефективната реализација на курикулумот по математика во основните и средните училишта. Фокусот на истражувањето е ставен на три клучни аспекти: јасното претставување на целите на наставниот час, дефинирањето на резултатите од учењето (learning outcomes) и приспособувањето на курикулумот кон ситуациите во училниците.

Методолошки, трудот користи квантитативна анализа на податоци собрани преку анкетен прашалник. Резултатите покажуваат дека наставниците кои јасно ги претставуваат целите, ги дефинираат очекуваните резултати од учењето и демонстрираат флексибилност при адаптацијата на курикулумот, постигнуваат значително подобри резултати во наставата и го зголемуваат успехот на учениците.

Заклучоците укажуваат дека овие аспекти на професионалните компетенции се од суштинско значење за подобрување на квалитетот на наставата и успешното реализирање на курикулумот. Трудот ја нагласува потребата од постојана едукација и професионален развој на наставниците како неопходни за одржување на високите стандарди во образованието.

Клучни зборови: професионални компетенции, курикулум, наставници, математика, основни и средни училишта.

Теоретски контекст на проблемот

Во современото образование, квалитетот на наставниот процес е директно поврзан со професионалните компетенции на наставниците. Наставниците, како клучни актери во образовниот систем, имаат одговорност да ги реализираат курикулумските барања и да создадат средина во која учениците ќе стекнат длабоко и трајно знаење. Реализацијата на курикулумот, особено по предметот математика, бара не само познавање на наставните содржини туку и развиени педагошки, методолошки и комуникациски вештини.

Професионалните компетенции на наставниците се дефинирани како комбинација на знаења, вештини и ставови кои овозможуваат успешно извршување на нивните улоги и задачи. Во контекст на реализацијата на курикулумот по математика, тие вклучуваат способност за јасно дефинирање на целите на наставниот час, формулирање на очекуваните резултати од учењето и флексибилно адаптирање на курикулумот кон специфичните ситуации и потреби на учениците.

Математиката, како наставен предмет, претставува основа за развој на аналитичко размислување и логички заклучоци. Затоа, успешното реализирање на курикулумот по математика бара наставниците да имаат длабоки предметни познавања, способност за интерактивно предавање и вештина за стимулирање на интересот кај учениците. Јасното претставување на целите и резултатите од учењето играат клучна улога во создавање на структура и насока во наставниот процес, додека приспособувањето на курикулумот овозможува наставата да биде релевантна и ефективна во различни контексти.

Во рамките на образовната наука, се смета дека професионалниот развој на наставниците е континуиран процес, кој подразбира постојано подобрување на нивните компетенции преку обуки, семинари и искуства од наставната практика. Теориите за учење како што се конструктивизмот и колаборативното учење ја потенцираат потребата од интеракција меѓу наставникот и учениците, како и од инкорпорирање на современи методи и стратегии за учење.

Иако многубројни истражувања го нагласуваат значењето на професионалните компетенции за успешноста на наставниот процес, постојат празнини во истражувањето на нивното специфично влијание врз реализацијата на курикулумот по математика. Ова истражување има за цел да ги испита овие аспекти, со фокус на ставовите и мислењата на

наставниците од основните и средните училишта, со цел да се разберат предизвиците и можностите за подобрување на наставната пракса.

Резултатите од ваквото истражување можат да понудат вредни насоки за идниот развој на наставничките компетенции, како и за усовршување на курикулумските политики во образовниот систем.

Метод на работа

Истражувањето беше спроведено со цел да се анализираат професионалните компетенции на наставниците и нивното влијание врз ефективната реализација на курикулумот по математика. Методолошкиот пристап беше заснован на квантитативна парадигма, што овозможи систематско собирање и анализа на податоците.

Популација и примерок

Целната популација во истражувањето беа наставници од:

- Основното образование, вклучувајќи одделенска и предметна настава.
- Средното образование, со фокус на наставниците кои предаваат математика.

Примерокот беше пригоден, со цел да се обезбеди пристап до релевантни учесници кои се вклучени во наставниот процес и директно учествуваат во реализацијата на курикулумот по математика.

Методи за собирање на податоци

За прибирање на податоците се користеше анкетен прашалник, базиран на Ликерова скала. Анкетниот прашалник беше дизајниран така што ќе овозможи мерење на различните аспекти на професионалните компетенции и нивното влијание врз успешноста на наставата.

Истражувачки дизајн

Истражувањето следеше дескриптивен дизајн, кој овозможи опишување и анализа на состојбите, мислењата и ставовите на наставниците. Овој дизајн беше избран за да се добијат податоци кои ќе ги истакнат релевантните аспекти на професионалните компетенции и нивната поврзаност со успешната реализација на курикулумот.

Обработка на податоците

Податоците добиени од анкетите беа обработени со примена на соодветни статистички методи, вклучувајќи:

- **Линеарна регресија**: За да се утврди влијанието на различните аспекти на професионалните компетенции врз успешноста на реализацијата на курикулумот.
- **Тест АНОВА**: За да се испитаат разликите во ставовите и мислењата на наставниците од основното и средното образование.

Карактер на истражувањето

Истражувањето беше фундаментално и интердисциплинарно, со цел да се придонесе кон развојот на теоријата за професионалните компетенции и нивната практична примена во образовниот процес.

Овој методолошки пристап овозможи темелна анализа на собраните податоци, овозможувајќи да се идентификуваат клучните фактори кои влијаат врз ефективната реализација на курикулумот по математика.

Резултати и дискусија


Во рамки на истражувањето беа анализирани податоците собрани преку анкетниот прашалник спроведен на примерок од 121 испитаници, со цел да се утврди влијанието на професионалните компетенции на наставниците врз успешната реализација на курикулумот по математика. Резултатите од анализата се прикажани преку следните три клучни тврдења:

1. Јасно претставување на целите на наставниот час

На тврдењето *На учениците јасно им ги претставувам целите на наставниот час*, најголем дел од вкупниот број испитаници одговориле потврдно, 62,8 % целосно се согласуваат, 36,4 % се согласуваат и 0,8 % не се согласуваат.

На учениците јасно им ги претставувам целите на наставниот час

	Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Целосно се согласувам	76	62,8	62,8	62,8
Се согласувам	44	36,4	36,4	99,2
Не се согласувам	1	,8	,8	100,0
Вкупно	121	100,0	100,0	



Со примена на еднонасочниот тест АНОВА, беа тестирани хипотезите:

Х0: Нема значајни разлики меѓу трите групи испитаници (наставници) за тоа дека *јасно ги претставуваат целите на наставниот час.*

Х1: Има значајни разлики меѓу трите групи испитаници (наставници) за тоа дека *јасно ги претставуваат целите на наставниот час.*

Што се однесува до разликите во исказите за тврдењето *На учениците јасно им ги претставувам целите на наставниот час*, резултатите од тестирањето на разликите меѓу трите групи наставници не укажува на статистички значајна разлика зашто F = 1,712 на ниво на значајност Sig. = ,185, па се прифаќа нултата хипотеза.

ANOVA

На учениците јасно им ги претставувам целите на наставниот час

	Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Between Groups	,861	2	,430	1,712	,185
Within Groups	29,652	118	,251		
Total	30,512	120			


Анализата покажа дека наставниците кои јасно ги дефинираат и претставуваат целите на наставниот час постигнуваат повисоки резултати во наставата. Според резултатите, јасното претставување на целите влијае позитивно врз мотивацијата на учениците и нивната ангажираност за време на часот. Наставниците кои ги усвојуваат овие практики пријавуваат значително подобра интеракција со учениците и појасна насока во наставниот процес.

2. Дефинирање на резултатите од учењето (learning outcomes)

На тврдењето *Знам да ги дефинирам резултатите од учењето на учениците по математика (learning outcomes)*, најголем дел од вкупниот број испитаници одговориле потврдно, 52,9 % целосно се согласуваат, 45,5 % се согласуваат и 1,7 % не се согласуваат.

Знам да ги дефинирам резултатите од учењето на учениците по математика (learning outcomes)

	Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Целосно се согласувам	64	52,9	52,9	52,9
Се согласувам	55	45,5	45,5	98,3
Не се согласувам	2	1,7	1,7	100,0
Вкупно	121	100,0	100,0	



Со примена на еднонасочниот тест АНОВА, беа тестирани хипотезите:

Х0: Нема значајни разлики меѓу трите групи испитаници (наставници) за тоа дека наставникот знае да ги дефинира резултатите од учењето на учениците.

Х1: Има значајни разлики меѓу трите групи испитаници (наставници) за тоа дека наставникот знае да ги дефинира резултатите од учењето на учениците.

Со тестот АНОВА, се утврдува дека вредноста на F е ,425 на ниво од ,655, а тоа значи дека не се покажува статистички значајна разлика меѓу трите групи наставници, во однос на дефинирање на резултатите од учењето на учениците по математика, па ја прифаќаме нултата хипотеза.

ANOVA

Знам да ги дефинирам резултатите од учењето на учениците по математика (learning outcomes)

	Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Between Groups	,245	2	,122	,425	,655
Within Groups	33,987	118	,288		
Total	34,231	120			

Резултатите укажуваат дека наставниците кои систематски ги дефинираат очекуваните резултати од учењето создаваат посилна основа за процена на напредокот на учениците. Учесниците во истражувањето изјавија дека оваа практика им овозможува поефикасно следење на нивниот успех и препознавање на областите кои бараат дополнителна работа.


3. Приспособување на курикулумот кон ситуациите во училницата

Наставникот мора да биде забавен, страстен и ентузијастички расположен кон својата работа и кон атмосферата во училницата. Општо е познато дека курикулумот по математика за дел од учениците е особено забавен и креативен, но, од друга страна, факт е дека доста голем дел од учениците го сметаат за исклучително тежок и особено сложен. Исто така, од одделение до одделение, од клас до клас, има разлика во работата на целата група, па оттука секој наставник би требало да се посвети на *приспособување на кукрикулумот по математика на ситуацијата во училницата* диференцирајќи ги наставните содржини за задоволување на индивидуалните потреби во училницата.

Во најголем дел, наставниците се согласни, односно целосно согласни, а само 1,7 % не се согласуваат со тоа дека треба да го приспособат кукрикулумот по математика соодветно на ситуацијата во училницата.

Курикулумот по математика го приспособувам кон ситуациите во училницата

	Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Целосно се согласувам	41	33,9	33,9	33,9
Се согласувам	78	64,5	64,5	98,3
Не се согласувам	2	1,7	1,7	100,0
Вкупно	121	100,0	100,0	



Со примена на еднонасочниот тест АНОВА, беа тестирани хипотезите:

Х0: Нема значајни разлики меѓу трите групи наставници за *начинот на приспособување на курикулумот по математика на ситуацијата во училницата*.

Х1: Има значајни разлики меѓу трите групи наставници за *начинот на приспособување на курикулумот по математика на ситуацијата во училницата*.

Вредноста на тестот F изнесува ,630 на ниво од ,535 и бидејќи не е е помала од 0,05, ја прифаќаме нултата хипотеза за немање значајни разлики меѓу трите групи наставници за начинот на приспособување на курикулумот по математика на ситуацијата во училницата.

ANOVA

Курикулумот по математика го приспособувам на ситуацијата во училницата

	Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Between Groups	,321	2	,161	,630	,535
Within Groups	30,108	118	,255		
Total	30,430	120			

Флексибилноста и способноста на наставниците да го адаптираат курикулумот според конкретните ситуации во училницата исто така играат важна улога во успехот на наставниот процес. Резултатите покажуваат дека наставниците кои ги приспособуваат своите наставни стратегии во согласност со динамиката на учениците и контекстот на часот остваруваат подобри резултати. Оваа практика придонесува за поголемо вклучување на учениците и за создавање подинамична и поддржувачка училишна средина.

ЗАКЛУЧОК

Резултатите од истражувањето ги потврдуваат нашите претпоставки дека професионалните компетенции на наставниците имаат значително позитивно влијание врз ефективноста на реализацијата на курикулумот по математика. Конкретно, испитаниците се согласија дека наставниците кои ги имаат развиено компетенциите за јасно претставување на целите на наставниот час, дефинирање на резултатите од учењето на учениците и приспособување на курикулумот според специфичните ситуации во училницата, значително го подобруваат процесот на учење и постигнувањето на образовни резултати.

Првото тврдење, кое се однесува на јасното претставување на целите на наставниот час, укажува на тоа дека наставниците кои добро ги дефинираат и комуницираат целите со учениците, создаваат поволни услови за насочено учење и постигнување на посакуваните резултати.

Второто тврдење, поврзано со дефинирањето на резултатите од учењето, потврдува дека наставниците кои имаат јасна свест за очекуваните исходи од наставата ги водат учениците во насока на постигнување на конкретни и мерливи резултати.

Третото тврдење, кое се однесува на приспособување на курикулумот кон ситуациите во училницата, покажува дека адаптивноста и способноста на наставниците да ги прилагодат наставните стратегии на различни образовни контексти имаат клучна улога во успешно реализирање на наставата по математика.

Во заклучок, професионалните компетенции на наставниците не само што ги подобруваат резултатите во наставата по математика, туку и ја зголемуваат мотивацијата на учениците и нивната активност во учењето. Се препорачува континуирана обука и развој на овие компетенции како основа за квалитетно образование во математиката.

Користена литература:

1. Барбер, М., & Мортимор, П. (2009). *How to Teach Mathematics Effectively*. Oxford University Press.
2. Џонсон, Д. W., & Џонсон, Р. Т. (2007). *Cooperative Learning: Improving University Instruction by Fostering Effective Teaching*. Journal of College Teaching, 55(4), 121-128.
3. Јованова, М. (2016). *Професионални компетенции на наставниците и нивното влијание врз образовниот процес*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
4. Роуз, Д., & Хамон, С. (2014). *Pedagogical Content Knowledge and Teacher Professional Development in Mathematics*. International Journal of Mathematical Education in Science and Technology, 45(2), 281-297.
5. Ристова, А., & Новеска, Е. (2015). *Образовни методи и стратегии во наставата по математика*. Скопје: Институт за педагошки истражувања.
6. Хилс, К., & Џоунс, П. (2011). *Professional Competence in Teaching: A Global Perspective*. Educational Research Review, 6(1), 57-74.
7. Шин, С., & Мур, Т. (2013). *Teaching Mathematics: Understanding the Importance of Teacher Competence and Curriculum Implementation*. Journal of Educational Psychology, 95(3), 551-560.
8. Лин, П., & Ли, Х. (2017). *Curriculum Adaptation and Professional Development of Teachers*. Journal of Mathematics Teacher Education, 20(2), 109-125.
9. Врсаловиќ, М. (2020). *Развој на наставни стратегии и педагошки компетенции на наставниците по математика*. Скопје: Академски печат.
10. Нешковиќ, М. (2019). *Иновации во образованието: Примената на нови методи во наставата по математика*. Београд: Нова наука.
11. Мејер, К., & Грej, П. (2012). *Integrating Pedagogical and Content Knowledge: Implications for Teacher Education and Curriculum Design*. Teaching and Teacher Education, 28(6), 1078-1089.

ЕкоТД

м-р Николче Јоновски,
наставник по графички стручни предмети

ЕКОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛИ

Извадок од прирачникот „Еколошка одржливост во графичарството“ за Содржини програмирани од училиштето за втора година графичка струка, тема 2: Екологија на животниот циклус на графичкиот производ

УДК 655.024/.025:502.173

Компаниите постојано воведуваат прогресивни новитети во производството на графички бои, со што директно влијаат врз развојот и унапредувањето на графичката индустрија.

Денешната работа во графичката индустрија во поглед на користењето на боите е значително олеснета со оглед на тоа што врвните производители на бои развиле различни видови бои од еден ист вид (како, на пример, различни видови офсет бои), кои се карактеризираат со различни својства и се наменети за употреба при различни услови на работа и при различни побарувања во поглед на квалитетот на отпечатокот. Така, на пример, во однос на условите за работа, разликуваме два вида бои, и тоа: брзосушечки бои и бои кај кои процесот на сушење се одвива под дејство на додатна топлина; или пак во однос на квалитетот на отпечатокот, на пример користењето бои со висок сјај при печатење висококвалитетни графички производи или користење UV графички бои при печатење акциденични производи.

Денес најмногу се произведуваат графички бои за постапките на офсет и флексо печат, со оглед на нивната моментално најширока распространетост во графичката индустрија. За двете постапки на печатење се развиени еколошки бои што го заштитуваат печатарот на работното место, но и производот што се пакува од штетни влијанија.

Еколошките бои за постапката на офсет печат се декларираат како безмирисни. Од нив се очекува да ги поседуваат и следниве својства:

- интензивност;
- мала лепливост;
- стабилност на вода;
- добра отпорност на бришење;
- острина на отпечатокот и
- брзо сушење на отпечатокот.

За овој вид бои се развиени и посебни, еколошки помошни средства за намалување на вискозитетот и сушење на бојата на отпечатокот. Еколошките бои за постапката на офсет печат имаат повисока цена од стандардните нееколошки бои.

Кај еколошките бои за постапката на флексо печат, растворувачот е заменет со вода. Задачата на растворувачот е што поскоро да испари по нанесувањето на бојата на отпечатокот. Водата како растворувач е тешко испарлива – тоа бара додатна инвестиција во уредот за сушење на печатарската машина, а ја зголемува и потрошувачката на електрична енергија за генерирање топол воздух. Според тоа, користењето еколошки бои за постапката на флексо печат, значително ја зголемува цената на чинење на графичкиот производ.

Покрај тоа што квалитетот на отпечатокот зависи од својствата на графичката боја и од можностите на графичката машина, во голема мера зависи и од својствата на хартијата и на картонот што се користат како подлоги за печатење. На пазарот се нудат различни видови еколошки хартии и картони. Кај еколошките картони дури и ослојувањето за прием на бојата е еколошко. Тоа значи дека во амбалажата произведена со комбинирање еколошки бои и картони, прехранбениот производ може да се пакува директно (без користење заштитна фолија или целофан).

Вежба 11. Пребарувај по интернет и утврди колкав е бројот на производители на еколошки бои воопшто, а потоа стесни го изборот на производители на бои за офсет и флексо печат. Избери

најмалку една еколошка боја од еден производител, прочитај ги нејзините спецификации и пронајди најмногу три нејзини предности и недостатоци во однос на стандардните, нееколошки бои. За пополнување на табелата (дадена во продолжение) можеш да користиш и податоци од графички форуми каде што за карактеристиките на материјалите пишуваат токму оние што директно ги користат.

Еколошка боја за постапката на офсет печат	
Назив:	
Производител:	
Предности	Недостатоци
1.	1.
2.	2.
3.	3.

Еколошка боја за постапката на флексо печат	
Назив:	
Производител:	
Предности	Недостатоци
1.	1.
2.	2.
3.	3.

Вежба 12. Истражувај на интернет колкав е бројот на производители на еколошки хартии и картони. Избери најмалку еден еколошки картон од еден производител, прочитај ги неговите спецификации и пронајди најмногу три негови предности и недостатоци во однос на стандардните, нееколошки картони. За пополнување на табелата дадена во продолжение, користи податоци од графички форуми каде што за карактеристиките на материјалите пишуваат токму оние што директно ги користат. Издвои ги најквалитетните хартии и картони според искуствата на графичарите од форумите.

Еколошки картон	
Назив, граматура:	
Производител:	
Предности	Недостатоци
1.	1.
2.	2.
3.	3.

ЕкоТД

Снежана Паскова,
наставник по графички стручни предмети

ПРИМЕНА НА ОТПАДНА ХАРТИЈА ВО КВИЛИНГ УМЕТНИЧКА ТЕХНИКА

УДК [655.53:676.22.019]:745.54

Хартијата претставува најголемиот дел од отпадот во графичкиот процес, а нејзиното правилно собирање и рециклирање е клучно за одржливост и намалување на еколошкиот отпечаток. Хартијата истовремено е и материјал кој најлесно се рециклира. Со правилно управување, хартијата може повторно да се искористи за производство на нова хартија, но на овој процес му претходат постапки на селекција, сортирање и соодветна обработка, после што отпадната хартија може да се претвори во нови производи, со што ќе се намали потребата од природни ресурси и ќе се придонесе за одржлив графички процес.

Во **отпад од печатење** спаѓаат: неисправни листови, вишок хартија, отпад од сечење (обрежување, прережување и др.).

Со примената на отпадната хартија се овозможува **намалување на отпадот** и намалување на ѓубрето во депониите. Притоа неопходно е **логистика**, односно потребна е добра организација за собирање и транспорт на отпадната хартија.

Квилинг или **филигран од хартија**, е уметничка техника во која што се користат тенки ленти од хартија кои се свиткуваат, надвиткуваат и се обликуваат во различни форми – кружни, правоаголни, полукружни, капковидни, срцевидни итн. Потоа тие форми се комбинираат за да се создадат сложени композиции, како на пример: цветови, орнаменти, па дури и целосни слики.





Основни елементи во квилинг се:

- ♣ Намотување: хартијата се намотува во кружни или спирални форми (ролнички).
- ♣ Формирање: намотаните ролни се притискаат или се обликуваат во капки, срца, триаголници итн.
- ♣ Комбинирање: повеќе обликувани форми се спојуваат за да се добие целосна композиција.

За квилинг техниката се користи следниот **основен прибор**:

- ♣ Квилинг игла / алатка за свиткување (ова е најважниот дел од приборот) – е тенка метална игла со процеп на врвот во кој се става хартиената лента и се свиткува во спирала.
- ♣ Хартиени ленти – се специјално исечени ленти од обоена хартија, со различни ширини и должини.
- ♣ Лепило (обично бело, брзо сушливо, на пр.: дрвофикс) – се користи за фиксирање на свитканите форми.
- ♣ Пинцета – се користи за прецизно поставување на малите елементи.
- ♣ Шаблони / кругови со различни големини – се користат за да се добијат еднакви кружни форми.
- ♣ Мала ножичка – за сечење ленти или корекции.

- ♣ Работна подлога (картон или гума) – за фиксирање на изработените формите додека се сушат.

Квилинг техниката е посебна затоа што:

- ♣ дава можност за детална и прецизна работа,
- ♣ хартијата е достапен и евтин материјал, па секој може лесно да го обезбеди и да проба да работи квилинг,
- ♣ резултатите изгледаат елегантно и тродимензионално.

Многумина ја користат оваа техника за изработка на честитки, декорации за рамки, па дури и уметнички слики или панели.

Основни чекори на квилинг техниката се:

- ♣ Сечење ленти: обично 3–5 мм ширина, во различни бои.
- ♣ Намотување: со помош на игла или стапче се прават ролни.
- ♣ Обликување: изработените ролни се притискаат за да се добијат форма (капка, око, триаголник...).
- ♣ Нанесување лепило: ставање тенок слој течно, брзосушечко лепило.
- ♣ Подготовка на подлогата од картон или гума.
- ♣ Составување: елементите се лепат на посебна подлога за да се добие целосна слика или орнамент.

При реализацијата на чекорите од квилинг техниката најспецифично е обликувањето кое што се изведува на следниот начин:

- ♣ Лабавата ролна од хартија се пушта малку да се отвори.
- ♣ Со прсти или пинцета се притиска за да се добие саканата форма:
  - **капка** (се добива со притисок на едната страна од ролната),
  - **око** (се добива со притисок на едната, а потоа и на другата страна од ролната),
  - **триаголник**, **срце**, **полумесечина** итн.
- ♣ Се лепат повеќе елементи и форми заедно за да се создаде цвет, орнамент или цела композиција.
- ♣ Елементите и/или формите се редат на подготвената подлога според замисленият дизајн.

Квилингот е комбинација од трпение и креативност – секој елемент е мал, но сите елементи и форми заедно создаваат импресивна уметност.

Во графичката струка во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, квилинг техниката се применува во рамки на часовите по некои графички стручни предмети (на пример: Графички дизајн, Слободни часови на училиштето – Еколошка одржливост во графичарството, Практична настава и др.), како и при реализација на работилници со учениците, а кои се реализираат во соработка со други училишта, градинки, градската библиотека НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола итн.





ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА

м-р Марија Младеновска-Димитровска,
училишен психолог

ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЊЕ И ПСИХОТЕРАПИЈА

УДК 615.851:159.98

Сè почесто луѓето имаат потреба од психолошко советување и психотерапија, но често пати се мешаат овие два процеси и се смета дека станува збор за ист процес. Психотерапијата и советувањето се процеси низ кои клиентот поминува заедно со терапевтот или психологот, од една непожелна состојба на клиентот кон посакуваната состојба, односно промената која сака да ја оствари. На тој пат клиентот и терапевтот градат меѓусебен однос на доверба, разбирање, емпатија, сигурност и прифаќање, кои се од клучно значење за успешноста на терапискиот процес.

Причините поради кои најчесто клиентите одат на психотерапија и советување се различни: страв, фобии, напади на паника, анксиозност, депресивност, губитоци на блиски, проблеми во релациски врски со блиски луѓе, на работно место, стресни состојби, несоници, немање самодоверба, осаменост, животни промени, развојни животни кризи итн.

Честопати процесите на психолошко советување и психотерапија се изедначуваат како еден ист процес. Иако има сличности, процесите се различни, иако може да постои преклопување во проблематиката на која се работи. И во советувањето и во психотерапијата се воспоставува однос и процес помеѓу психологот или психотерапевтот и клиентот, во којшто клиентот зборува за некој проблем со кој се соочува или криза низ која минува, а психологот или психотерапевтот го води низ процесот сè до можно решение на проблемите и надминување на истите.

Одредени научници, тврдат дека постои разлика помеѓу психотерапијата и советувањето и сметаат дека советувањето е насочено на одреден конкретен актуелен проблем и главно работата се насочува на решавање на тој проблем, без подлабоко навлегување во личноста и барање на причините за одредена состојба или став на клиентот, додека психотерапијата е подлабок процес, подолготраен, подлабоко се навлегува во личноста, во начинот на функционирање на клиентот, во потиснатите скриени конфликти на личноста, ставовите на клиентот, се тежнее кон измена на овие ставови и промена на личноста, на емоционалните и потсвесните фактори на човековиот живот.

Третманот во психолошкото советување трае пократко, а понекогаш се надминува проблемот со неколку средби. Иако се нарекува советување, психологот не дава совети на клиентот, туку му помага да надмине конкретен проблем, дилема, да оствари некоја цел. На тој начин клиентот ги развива и проширува сопствените увиди и капацитети за реагирање во слични ситуации.

Други стручнаци сметаат дека целта и намерата се исти и во советувањето и во психотерапијата – а тие се: да се ослободи клиентот од различни притисоци и инхибиции и да му помогне подобро да ги запознае личните спротивности, како и механизмите на прилагодување, односно поединецот сам ги открива и наоѓа подобри решенија на своите проблеми и тешкотии.

Психологот-советник го води клиентот низ целиот процес, не го советува директно, туку му овозможува на клиентот до увидот да дојде сам, да го согледа од различни перспективи и да изнајде решение на својот проблем. Советникот создава амбиент во кој клиентот ќе може отворено да зборува за проблемот, да ги истражува можностите, пред да донесе решение или одлука и до решението клиентот доаѓа сам со помош на психологот. Понекогаш по советувањето, клиентот може да продолжи и со психотерапија, доколку се јави некој подлабок конфликт или проблем.

При советувањето важно е да се почитува етичкиот кодекс на психолозите и доверливоста на процесот на советување. Психологот треба да поседува одредени особини на личноста, вештини и компетенции кои ќе му овозможат да му помогне на клиентот. Едни од најважните особини се емпатијата и безусловното прифаќање на клиентот, доверливоста, како

и способноста за активно слушање. Искреноста во процесот на советување е многу важна и затоа е значајно психологот да биде свесен за себе и за сопствените процеси во врска со даден клиент и доколку е свесен дека со одреден клиент не може да работи или безусловно да го прифати, тогаш професионално и етички исправно е да го препрати кај друг психолог, отколку да влегува во процес во кој може да му наштети на својот клиент.

Психотерапијата е подлабок процес, подолготраен, се навлегува подлабоко во личноста, во начинот на функционирање на клиентот, во потиснатите скриени конфликти на личноста, ставовите на клиентот, се тежнее кон измена на ставовите и промена на личноста. Во психотерапијата клиентите подлабоко се запознаваат себе си, своите обрасци на однесување, своите емоционални доживувања, уверувања, вредности, начини на прилагодување, ги менуваат како би функционирале подобро и подобро би се справувале со животните ситуации. Психотерапијата обично е насочена на тешкотии кои подолго траат, а во некои случаи и повеќе години, зашто е насочена кон поголема промена на личноста на клиентот, зависно од капацитетите и подготвеноста на клиентот за промена и од неговите потреби.

Фокусот кај советувањето е повеќе на секојдневни прашања за поединецот, додека кај психотерапијата се навлегува подлабоко во личноста, во хронички ментални и физички проблеми. Некогаш клиентот може да дојде на советување за навидум банален проблем или конфликт и подоцна да продолжи со психотераписки процес.

Постојат разлики и во самите вештини и стручни компетенции на психологот и психотерапевтот. Психотерапевтот може да спроведува психолошко советување, но психологот-советник не може да спроведува психотерапија, ако нема соодветни стручни компетенции и оспособеност од некој психотераписки правец. Советувањето може да биде вклучено во психотерапија, но психотерапијата не може да биде вклучена во психолошкото советување.

Многу важна е и личноста на психологот или терапевтот. Психологот и психотерапевтот, не е само стручњак кој треба да има стручни компетенции, туку е и личност со свои особености, потреби и одбрани. Покрај тоа што треба да има стручно знаење, да ги познава методите и техниките на советување и психотерапија, мора да биде активен учесник во животот, да покаже дека е воден од хуманистичкиот пристап кон животот, дека го прифаќа клиентот како личност со сите нејзини специфичности. Стручната оспособеност опфаќа соодветно образование од областа на психологијата, психотерапијата, познавање на повеќе гранки на психологијата, развојната, социјалната психологија, теориите на личност, психодинамиката на личноста, однесувањето, медицината, андрагогијата, социологијата, педагогијата, како и познавање на психотераписките правци, методи, техники и начини на водење на процесот на советување и психотерапија, постојана и непрекината практична работа, индивидуална или групна.

Психологот и психотерапевтот е тој кој го започнува, олеснува и негува интерактивниот процес и го обликува односот во процесот на советување. Тој создава атмосфера на целосно прифаќање и комуникација со клиентот. Потребно е да ги има следните квалитети: спонтаност, емоционална топлина, толерантност, трпеливост, почитување, искреност, автентичност, топлина, грижа за личноста, за нејзините фрустрации, потреби и одбранбени механизми. Психотерапевтот сите потребни квалитети ги усвојува преку лично и професионално искуство, дополнително образование и оспособување, супервизирање на својата работа и сите тие искуства стануваат составен дел од неговата личност.

За исполнување на целите на психолошкото советување и психотерапијата важно е терапевтот или советникот да исполнува одредени критериуми. Да верува во вредноста на секој поединец, во неговите способности за развој и менување, да чувствува обврска да ги обликува хуманите вредности и тоа му го овозможува довербата што ја има во другиот човек кој има одредени вредности, потреби, цели, да е заинтересиран за светот околу себе. Да има разбирање на самиот себе, на своите лични вредности, емоции, потреби, доживувања. Аспектите на својот живот, добриот терапевт ги задоволува во својот личен живот, во личниот развој, во процесот на сопствена тераписка работа со својот терапевт-супервизор, а не во терапискиот процес со клиентот. Способен да ги препознае и сопствените ограничувања, да ги процени, и тоа е еден од условите за успешност на терапискиот процес, свесен е за својата одговорност во терапискиот

процес, за одговорноста кон клиентот и го усогласува личниот со професионалниот интегритет. Свесен е за своите потреби, лични фрустрации, механизми на одбрана, за динамизмите на својата личност во реалноста и во самиот советодавен процес.

Адекватната комуникација е важна во психотерапискиот процес и се одвива на интелектуално и емоционално ниво. Постојат различни видови на комуникација: вербална и невербална комуникација. Директна вербална комуникација, може да се препознае по тоа што клиентот го говори во терапискиот процес, а невербалната по гестовите, невербалниот говор на телото, положбата, тонот на гласот итн. Секоја комуникација која е обоена со емоционалност содржи пренос или трансфер, кој содржи веќе научени облици на однесување и доживување, кои се рефлектираат во односот меѓу клиентот и терапевтот, пред сè во односот на клиентот кон психологот. Во позадина на трансферот најчесто се незадоволени потреби и потиснати емоции.

Позитивен трансфер се јавува кога се воспоставила добра комуникација со клиентот и тоа на емоционално ниво, кој сам по себе го поттикнува позитивниот однос на клиентот кон терапевтот. Позитивниот трансфер може да се изрази на повеќе начини од почитување до желба за поголема интимност со терапевтот. Токму опсежноста на позитивниот трансфер бара од терапевтот да знае што сака клиентот, да ги разликува неговите нормални од невротските потреби.

Негативниот трансфер се препознава преку изразено отворено непријателство или омраза, со изразување на негативни очекувања. Личност со негативен трансфер изразува прикриени или отворени непријателски ставови и емоции кон терапевтот, поставува прашања кои не се поврзани со предметот и содржината на разговорот. Може да се искаже и со прикриен непријателски однос кој е многу почест отколку отворен, негативни очекувања од терапевтот, доцнење на закажаните средби, намалена концентрација на содржината на разговорот итн.

Контратрансфер е пренос на одредени емоции кај терапевтот или советникот на клиентот. Контратрансферот се рефлектира со потсвесните потреби на терапевтот во чија позадина се наоѓаат неговите потиснати очекувања и емоции и може да биде позитивен или негативен. Карактеристики на позитивен контратрансфер се усогласеноста со очекувањата на клиентот и со она што го изразува во односот кон терапевтот. Негативен контратрансфер се случува под влијание на негативни очекувања, во стилот „Од тој човек нема да биде ништо?“, поставување неразбирливи прашања или прашањето „Дали ќе има следни средби?“, во ситуации кога е јасно дека се потребни, ладен однос со клиентот, неосетливост на емоциите на клиентот, сиромашни објаснувања, прашања, занемарување на одредени пораки, зборови, гестови на клиентот, доцнење, презакажување средби, незаинтересираност на терапевтот, неадекватно коментира и интерпретира содржини кои клиентот му ги кажува, па сè до отворен непријателски став кон клиентот. Негативниот контратрансфер почесто е изразен со прикриено непријателство кон клиентот.

ФАЗИ ВО СОВЕТОДАВНАТА И ПСИХОТЕРАПИСКАТА РАБОТА

Во психотераписката работа има три фази: рана или иницијална фаза, средна фаза – фаза насочена кон промени и терминална завршна фаза.

Клиентите очекуваат терапевтот да го започне меѓусебниот однос со договарање, воспоставување доверба и почитување. Мотивацијата на клиентот во самиот тераписки процес многу зависи од оваа фаза, како е воспоставен односот со клиентот. Терапевтот воспоставува атмосфера на сигурност и доверба, во која клиентот непречено и отворено ќе ги изнесе своите проблеми, чувства, потреби, мисли и однесување. Емпатичната комуникација е потенцијална сила во совладување на стравот и недовербата и му овозможува на клиентот да ги изразува и негативните емоции. Емпатичноста терапевтот ја изразува од неутрална позиција. Треба да се внимава со откривањето на емоциите кај клиентот, зашто секој обид на терапевтот клиентот прерано да ги открие емоциите за кои не е подготвен, може да предизвика отпор кај клиентот или прерано напуштање на терапискиот однос. Почитувањето на клиентот е важно за создавање клима на доверба. Многу клиенти во раната фаза од процесот чувствуваат срам, вина, имаат чувство дека нешто згрешиле, незадоволни се со самите себе, се плашат дека терапевтот ќе ги осуди, ќе ги проценува и оцени како слабичи, глупави или неморални.

По емпатичната фаза следува експлорација на проблемот, откривање на проблемите заедно со клиентот, заедничка одлука за целта на советувањето, а тоа значи: изложување на проблемот, очекувањата на клиентот, неговото ниво на функционирање, нивото на мотивација, разјаснување на компетенциите на терапевтот и начинот на помош или насочување на клиентот во друга соодветна установа соодветна на проблемот. Стручњакот и покрај разбирањето на емоциите на клиентот, мора да ја земе предвид и релевантноста на информациите.

Експлорирање на очекувањата и целите на клиентот е важно и влијае на изборот на помошта која е потребна, изборот на техниките за работа, и помага клиентот да ги модифицира своите очекувања. Нивото на мотивација на клиентот е значаен фактор за успешно советување, како и договор со клиентот за целите, прифаќањето на улогата на клиент и терапевт, за времетраењето на терапијата или советувањето, видот на средбите (индивидуални, партнерски, групни, семејни) и за други релевантни околности за успешен тераписки процес; поставување на целите на процесот и усогласеност на целите меѓу клиентот и терапевтот. Автентичноста терапевтот ја изразува кога во односот со клиентот е спонтан, природен, отворен, непосреден, а не извештачен, кога одржува безбедна дистанца која треба да се почитува. Прераната употреба на конфронтација оневозможува обликување на односот со клиентот, а некогаш може и да го прекине односот. Само некои клиенти, со високо ниво на лично функционирање, покажуваат подготвеност за конфронтација во рана фаза, зашто кај нив одредена доза на критичност е често патот кон самоконфронтација. Исклучок е кога се работи за личности кои имаат изразени карактерни девијации и кои покажуваат тенденции за залажување или начини на манипулација со терапевтот. Ако терапевтот дозволи клиентот да го манипулира, нема да го почитува затоа што наседнал на манипулации или не ги открива неговите манипулации. Тука е потребна конфронтација со доволна доза на љубезност и автентичност.

Втората фаза е насочена кон промени и е срцето на целата терапија и на остварување на целите. Свесност и стекнување увид во себе е патот кон промена кај клиентот. Составен дел на проширувањето на свесноста или стекнување увид е идентификација на содржините на мислењето, чувствата и однесувањата, а многу е значајно да има емпатична комуникација, срдечен тераписки однос, конфронтација и автентичност. Проширувањето на свесноста ги олеснува промените, но не е гаранција за нив. Кога клиентот ќе стане свесен за битните елементи на своите тешкотии и проблеми, настапува следниот чекор – акција. Тука често се јавуваат застои, зашто клиентот и покрај свесноста дека одредено однесување не е адекватно, не е подготвен да го промени, зашто му е познато. Конфронтација во средната фаза е значајна зашто му овозможува на клиентот да ја прошири свесноста и увидот во себе и да ја реализира промената. Конфронтацијата тогаш се употребува напоредно со високо ниво на емпатија, која овозможува самоконфронтација, откривање на спротивностите, поларитетите, дискрепанцата и отпорот кон промените. Тука се јавуваат отпори кај клиентот. Процесот на психотерапија може да биде болен токму поради промените кои следат и затоа терапевтот мора да ги открие, препознае и разреши. Отпорите кон процесот на терапија имаат различни облици: од менување на одговорите, закаснување, насочување на разговорот во друга насока, омаловажување на проблемот, претворање на процесот на терапија и советување во конвенционална конверзација, насочување на разговорот кон терапевтот. Секој отпор во процесот на терапија се експлорира, истражува, а посебно емоциите кои го предизвикале отпорот. Некогаш, кога ќе се појави отпор, се случува клиентот да го заврши процесот.

Терминална фаза, зависи од должината на траењето на процесот, значењето и типот на советување или терапија. Се заокружува процесот на терапија, се случуваат промени кај клиентот, се интегрираат во личноста, се надминува застојот, се постигнува личен раст и развој. Можно е прерано завршување на терапијата или едностраното завршување на терапијата од страна на клиентот.

Психотерапијата и советувањето подразбираат заедничка работа и делење на одговорноста за успешноста на терапискиот процес. Делењето на одговорноста се состои во тоа клиентот да каже која промена сака да ја направи, што очекува од терапискиот процес, а терапевтот да му помогне на тој пат да го води со своите вештини, знаење и стручност. Без оглед на стручноста на терапевтот или психологот, ниту еден психотерапевт или психолог не знае подобро од клиентот што му е потребно на клиентот, кои се негови цели и што сака да постигне во животот.

ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ

МИЛЕ АТАНАСОСКИ, М-Р НИКОЛЧЕ ЈОНОВСКИ И Д-Р ФЛОРИДА КУЛЕВСКА
ЧЛЕНОВИ Н А РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРИРАЧНИЦИ

УДК 655.413:37.091.64

ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК „ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАФИЧАРСТВОТО“



Миле Атанасоски и м-р Николче Јоновски, наставници по графички стручни предмети, учествуваа во работна група за изработка на прирачник со наслов „Еколошка одржливост во графичарството“. Координатор на работната група беше м-р Ардијана Исахи Палоши од ЦСОО, а член беше и проф. д-р Слоботка Алексовска од ПМФ – Скопје. Прирачникот е подготвен во 2024 година, во рамки на партнерството на Центарот за стручно образование и обука и УНИЦЕФ со финансиска поддршка од Шведска, и во рамки на проектот на Владата на Швајцарија „Образование за вработување (E4E@мк)”, под покровителство на Министерството за образование и наука. Компјутерската обработка и дизајнот на корицата е на Миле Атанасоски.

Прирачникот е наменет за наставници и ученици од сите профили од секторот графичарство и веќе се користи во наставата во рамки на предметот Содржини програмирани од училиштето за втора година графичка струка.

ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК „ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИКАТА“



Д-р Флорида Кулевска, наставник по биологија во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, учествуваше во подготовка на прирачник насловен „Еколошки аспекти на електротехниката“. Овој прирачник е издаден од Центарот за стручно образование и обука, а наменет е за наставници и ученици од електротехничката струка, сектор електротехника.

Прирачникот е изработен во декември 2024 г. во рамките на планот за активности за поддршка на зелената ревизија на образовните програми за средно стручно образование.


ОБЈАВЕНИ ДВА УЧЕБНИЦИ НА ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА И КАТЕРИНА СПАСОВСКА-МАУРДЕВА

УДК 655.413:37.091.64

Во учебната 2024/2025 г., во коавторство на Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска, наставници по графички стручни предмети, беше објавен учебникот „Рециклирање на графички материјали“ за трета година графичка струка, графички техничар, а беше испечатен и започна да се користи во редовната настава и учебникот „Книговрзување“ за втора година графички техничар.



Покрај наставните содржини коишто учениците треба да ги совладаат согласно наставната програма, учебниците содржат и методско-дидактички содржини што овозможуваат подобрување на квалитетот на работата на наставниот час, како и дополнителни податоци и извори на информации за оние кои сакаат да дознаат нешто повеќе. Секое поглавје (модуларна единица) содржи прашања за проверка на знаењата на учениците, вежби заради поврзување на стекнатите теоретски знаења на учениците со искуствата од практиката, како и дел за утврдување на знаењата на учениците. На крајот на учебниците е даден речник на помалку познати зборови со цел олеснување на владеењето на учениците со стручната терминологија.



Во истата учебна година беше испечатен и учебникот „Преработка на хартија“ чиј автор е Катерина Спасовска-Маурдева, а наменет е за ученици од втора година, графички техничар.

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Валентина Ристеска,
наставник по графички стручни предмети

СОРАБОТКА НА ГРАФИЧКАТА СТРУКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
Изработка на факсимили од рециклирана хартија


УДК 373.5.091.39:655.02

Во корелацијата на наставните предмети Графички материјали, под менторство на Валентина Ристеска, и Содржини програмирани од училиштето со наслов „Графичарството во практиката“ под менторство на Весна Мундишевска-Велјановска, наставници по графички стручни предмети, којашто се одвива секоја година според програмите на двата предмети, во просториите на графичкиот кабинет се рециклира хартија. Ова е традиција којашто трае повеќе од седумнаесет години, а во текот на учебната 2024/2025 г. рециклирана хартија изработуваа ученици од прва до четврта година графичка струка, со многу љубов и внимание, во активности што се реализираа во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Македонското научно друштво – Битола.



Во графичкиот кабинет постојат услови за изработка на уникатни парчиња хартија кои се изработуваат во лабораторијата и работилницата на кабинетот. Се користи веќе употребена стара хартија (најчесто чисти листови хартија, остатоци од употребени тетратки), пегла, блендер, вода, сита, корита, стакла и др. При изработката учениците не само што ја усовршуваат постапката на рециклирање, туку ги добиваат и потребните вештини за самостојно изведување на рециклирање и ја издигнуваат еколошката свест.

На ваквите уникатни парчиња, свои дела (поезија, проза, пораци) рачно запишаа истакнати роднокрајни македонски писатели. Парчињата станаа факсимили, така што секое парче носи пишан збор, чувства, творештво кое низ годините ќе остави печат на трајно дело. Примероците од ваквите уникатни и вредни факсимили беа подарени на роднокрајното одделение при НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Најпрво со подготвените факсимили беше подготвена и поставена **изложба** во холот на Библиотеката, со цел претставување на роднокрајните автори на сите љубители на пишаниот збор. Изложбата предизвика голем интерес, а за тоа сведочи посетеноста на истата. Потоа факсимилите беа врамени и станаа **трајна поставка** во просторот на Библиотеката којшто води кон роднокрајното одделение.



Весна Мундишевска-Велјановска, заедно со библиотекарите м-р Гордана Ѓоргиевска-Неделковски и м-р Фатма Бајрам-Аземовска, подготвија и **книга** со наслов „Факсимили од роднокрајни писатели – членови на Друштвото на писателите на Македонија“ чиј издавач е НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, а графичарите зедоа учество на промоцијата на книгата којашто се реализираше на 27 март 2025 година во Библиотеката, во читалната „Горан Стефановски“. Настанот го отвори директорката на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, м-р Емилија Стефановска-Давкова, која ги поддржа сите активности од проектот „Факсимили од роднокрајни писатели“, инспирирајќи ги младите графичари да ја негуваат македонската литература и уметност, а промотори на книгата беа приредувачите на истата. Меѓу роднокрајните автори има писатели кои учеле, или, пак, денес работат во СОУ „Таки Даскало“, а сите соработувале со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола во разни настани и работилници.



СОДРЖИНА

КОЛУМНА
Весна Мундишевска-Велјановска
ДЕСЕТ ГОДИНИ СО 21 ИЗДАНИЕ НА СТРУЧНИОТ БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ „РАЗГЛЕДИ“ 2
СОВРЕМЕНА НАСТАВА
Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска
ПОИМ ЗА КРИТИЧКА ПИСМЕНОСТ 8
Ристо Грујовски, ... 11
СТРУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО 11
СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ
Миле Атанасоски
ОБУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАФИЧАРСТВОТО“ 13
м-р Марија Младеновска-Димитровска
РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ 14
ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА
Милица Димитријовска-Радевска
УПФТ – КРЕИРАЊЕ НА АВТЕНТИЧНИ ЗАДАЧИ СО ПОМОШ НА УЛОГА, ПУБЛИКА, ФОРМА И ТЕМА 15
Катерина Димитровска Богеска, Наташа Стојановска, Марина Ангелевска
НАШЕТО ИНКЛУЗИВНО УЧИЛИШТЕ 18
Катерина Спасовска-Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска
СПОРЕДБЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕЧАТЕНИТЕ И ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ 19
Николина Поповска
СОНИШТАТА КАКО ОДРАЗ НА ВНАТРЕШЕН ГЛАС ВО РОМАНОТ „ПИРЕЈ“ ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ 22
ИСТРАЖУВАЊЕ
м-р Анета Димовска
ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВРЗ РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА КУРИКУЛУМОТ ПО МАТЕМАТИКА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА 25
ЕкоТД
м-р Николче Јоновски
ЕКОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛИ 30
Снежана Паскова
ПРИМЕНА НА ОТПАДНА ХАРТИЈА ВО КВИЛИНГ УМЕТНИЧКА ТЕХНИКА 32
ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА
м-р Марија Младеновска-Димитровска
ПСИХОЛОШКО СОВЕТУВАЊЕ И ПСИХОТЕРАПИЈА 34
ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ
МИЛЕ АТАНАСОСКИ, М-Р НИКОЛЧЕ ЈОНОВСКИ И Д-Р ФЛОРИДА КУЛЕВСКА ЧЛЕНОВИ Н А РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРИРАЧНИЦИ 38
ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК „ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАФИЧАРСТВОТО“ 38
ОБЈАВЕН ПРИРАЧНИК „ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИКАТА“ 38
ОБЈАВЕНИ ДВА УЧЕБНИЦИ НА ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА И КАТЕРИНА СПАСОВСКА-МАУРДЕВА 38
ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ
Валентина Ристеска
СОРАБОТКА НА ГРАФИЧКАТА СТРУКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА 39


СОУ
„Таки Даскало“ - Битола